Këshilli Rinor i Komunës së Kërçovës
Младински совет на Општина Кичево
Youth Council of the Municipality of Kercova

Komuna e Kërçovës
Општина Кичево

# СТРАТЕГИЈА
## за млади на Општина Кичево
## 2017 - 2022



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
# НА ОПШТИНА КИЧЕВО
# **2017 - 2022**

**Автори:** Сања Божовиќ
Флорин Реџепи

*Членови на Младинскиот Совет – Кичево:*
Арбен Ристеми
Салије Садику
Ивана Лазеска
Албиона Демири
Газменд Укали
Маргаритаре Балажи
Дејан Ѓурчевски
Мухамед Мамудоски
Ивана Лазеска
Нуредин Сулејманоски
Лиридон Зенку

**Лектура:** Елизабета Ралповска



**Уредил:** *Мисијата на ОБСЕ во Скопје:*
Мирије Сулмати
Јасмина Тодоровска Митева

**Печати:** Полиестердеј

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ.



Младите се најголемото богатство на една нација, лидери на утрешнината и надеж за подобра иднина. Активната младина може да ја зајакне демократијата, да ја адресира нееднаквоста и да придонесе за одржлив социјален развој. Со вклучени млади лица, успехот е неизбежен.

Оваа стратегија беше подготвена од страна на млади луѓе, кои се дел од Младинскиот совет, и токму ова е тоа што и дава посебна вредност за нас. Истата за нас ќе служи како водич за развој и поддршка на проекти за доброто на младите луѓе. Креирањето на можности за личен развој на младите и активното вклучување на младите во развојот на општествениот живот во нашата општина, ќе продолжи да биде во фокусот на нашата работа.

Општина Кичево
Градоначалник,
**Фатмир Дехари**

*Пред вас се наоѓа Стратегијата за млади на Општина Кичево чија цел е да ги унапреди положбата на младите и применатa на нивните права во оваа општина. Оваа Стратегија за млади е работена заедно со младинските организации, младите и сите други заинтересирани страни во Општина Кичево. Преку овој документ за застапување ќе се воспостави долгорочна и стратешка определба на Општина Кичево и на Младинскиот совет на Општина Кичево да работат на унапредување на младинските прашања и на задоволување на младинските потреби.*

*Визијата која ја пренесува оваа Стратегија за млади е младите во Општина Кичево да бидат дел од процесите на носење на одлуките на секое ниво кои се од нивно значење, како и да ги вклучи сите млади во спроведувањето на активностите и во остварувањето на нивните права. Оваа стратегија треба да овозможи младите да бидат задоволни од квалитетот на животот што го имаат во Општина Кичево и да станат партнер на општината при соочувањето со сите предизвици.*

# СОДРЖИНА

ЗА ЛОКАЛНАТА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА КИЧЕВО ... 6

МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА КИЧЕВО ... 8

ОБЛАСТ – ОБРАЗОВАНИЕ ... 11
  Стратешки приоритети во областа образование ... 16

ОБЛАСТ – СОЦИЈАЛЕН СТАНДАРД ... 17
  Стратешки приоритети во областа социјален стандард ... 21

ОБЛАСТ – МИГРАЦИЈА ... 22
  Стратешки приоритети во областа миграција ... 25

ОБЛАСТ – ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА ... 26
  Стратешки приоритети во областа здравство и превенција ... 30

ОБЛАСТ – МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ... 31
  Стратешки приоритети во областа меѓуетничка интеграција ... 34

ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ ... 35
  Стратешки приоритети во областа младинско информирање ... 38

ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ... 39
  Стратешки приоритети во областа младинско учество ... 42

ОБЛАСТ – УРБАНИЗАМ ... 43
  Стратешки приоритети во областа урбанизам ... 44

ОБЛАСТ – КУЛТУРА ... 45
  Стратешки приоритети во областа култура ... 50

ОБЛАСТ – СПОРТ ... 51
  Стратешки приоритети во областа спорт ... 54

ПРИНЦИПИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА И ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ ... 55

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ... 57

КОРИСТЕНА ЛИТРЕАТУРА ... 58

# ЗА ЛОКАЛНАТА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Во почетокот на 2016 година, Младинскиот совет на Општина Кичево и Општина Кичево, во соработка и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, започнаа да работат на подготовка на стратегија за млади на Општина Кичево. Во подготовката на локалната младинска стратегија се вклучија сите членови на Младинскиот совет на Општина Кичево.

Целта на изработката на овој документ е Општината, заедно со Младинскиот совет, да има координиран и континуиран пристап во решавањето на младинските проблеми и предизвици на локално ниво, како и да се зголеми учеството на младите во процесот на изготвување, примена и оценување на младинските политики. Преку оваа младинска стратегија се опфатени сите проблеми на младите, со што Младинскиот совет на Општина Кичево ќе работи на нивно решавање во наредниот период и ќе се придонесе кон промоција на активно и одговорно граѓанство и на младите и младинскиот сектор.

Прашањата кои се опфатени како најрелевантни за решавање во наредниот период се добиени преку посебна методологија, односно преку спроведување прашалници и анализа на сите истражувања и документи кои се однесуваат на национално и на локално ниво. За да може соодветно да се пристапи кон подготовката на прашалникот и да се изберат соодветните области кои ќе ги опфаќа овој прашалник, на самиот почеток беше спроведена анализа на постоечките и на релевантните документи во земјава кои се однесуваат на младински проблеми и прашања. По подготвената анализа беше подготвен и прашалник, чија цел беше да го испита мислењето на младите во Општина Кичево на најразлични теми за да може да се опфатат најголемите предизвици и најитните прашања за решавање на локално ниво. За таа цел беа спроведени 353 прашалници помеѓу младите во Општина Кичево, претставници на граѓанските организации, студенти, како и средношколци. Со овие прашалници беа опфатени сите категории и возрасни групи на млади со цел да се добијат соодветни одговори и насоки за работата на Младинскиот совет на

Општина Кичево. Прашалниците се спроведуваа на трите официјални јазици на Општината, и тоа: македонски, албански и турски јазик.

По спроведувањето на прашалниците и по добивањето на одговорите, се пристапи кон јавна консултација за добиените резултати со сите засегнати страни. Па, така, се спроведе консултација со советниците на Општина Кичево, со цел нивно запознавање со стратегијата за млади и со прашањата кои младите ги навеле како најрелевантни за нив. Потоа, спроведени се јавни консултации со средношколци на кои тие имаа можност да го искажат своето мислење за проблемите со кои се соочуваат и да предложат соодветни решенија кои во иднина ќе бидат применливи. Се реализираа средби со млади од Општина Кичево, како и со претставници на институциите на локално ниво кои работат со млади или кои допираат прашања и области кои ги засегаат младите. Овие средби имаа цел да помогнат при соодветното опфаќање на проблемите и предизвиците на младите, како и нивно соодветно решавање.

Сите овие институции го дадоа својот придонес при подготовката на оваа стратегија со нивни забелешки во насока на изготвување подобри активности кои заедно со Младинскиот совет на Општина Кичево ќе бидат спроведени и ќе им помогнат на младите во подобрувањето на нивниот квалитет на живот на локално ниво.

Целокупниот процес за подготовка на стратегијата, изложен погоре, се одвиваше во неколку фази, и тоа:

- Анализа на постоечки документи, истражувања и анализи за младинските политики во земјава.
- Прашалник за лоцирање на потребите и проблемите на младите во Општина Кичево.
- Мапирање на засегнатите страни во процесот на консултација за Стратегијата за млади.
- Анализа на добиените податоци од прашалникот.
- Прва консултативна средба со Советот на Општина Кичево.
- Две консултативни средби со средношколци.
- Консултативна средба со млади во Општина Кичево.
- Консултативна средба со претставници на институции на локално ниво.
- Втора консултативна средба со Советот на Општина Кичево.

Стратегијата се обидува да даде слика за состојбите на младите во Општина Кичево преку соодветна разработка на сите документи на национално и на локално ниво, како и состојбите, инфраструктурите и можностите на младите во локалната заедница. Стратегијата ги отсликува ставовите и перцепциите на младите во однос на младинските политики и предизвици во Општина Кичево.

За да може да се постигнат стратешките приоритети и целокупните определби во согласност со предвидените области во стратегијата, Младинскиот совет ќе изработува акциони планови кои ќе вклучуваат специфични активности и акции.

# МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА КИЧЕВО

Во земјите во светот отсуствува една општоприфатена дефиниција за поимот млади, како и возрасната граница за категоријата млади. Особено возрасната граница е различна од земја до земја и се менува со текот на годините. Па, така, во 2006 година, Европската Унија преку програмата „Млади во акција" ја постави возрасната граница од 15-25 години, но тенденцијата беше со текот на годините оваа возрасна граница да се проширува. Па, така, при усвојувањето на Стратегијата за млади во 2009 година, возрасната граница се помести и е проширена од 13-30 години.

Во земјава отсуствува законско регулирање на поимот млади, но затоа претходната Национална стратегија за млади 2005-2015[1] за првпат дава дефиниција на овој поим. Па, така, во согласност со овој документ, ги дефинира младите како „[...] социоетничка категорија на население на возраст од 15-24 години [...], [...] секоја сериозна акција или програма за млади треба да ги земе предвид и лицата од 24-30 години [...]. Сепак, важноста на оваа стратегија заврши и се изготви нова Национална стратегија за млади 2016-2025[2] која има многу проширена возрасна граница на младите. Па, така, терминот „млади" се однесува на сите лица на возраст од 15-29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествениот напредок, но и особена ранливост во однос на социоекономските промени во општеството. Исто така, вакви дефиниции и поставување возрасни граници на поимот млади се среќаваат и во неколку локални младински стратегии.



Општина Кичево е една од 81 општини во земјава. Општина Кичево се наоѓа во западниот дел на земјата. Вкупниот број жители во Општината, во согласност со податоците од Државниот завод за статистика[3], во 2015 година изнесува 56 645 жители. Од вкупниот број жители, млади се 14 169, на возраст од 15-29 години, што претставува 25 % од вкупниот број на населението во оваа општина. Во Општина Кичево се забележува значителен пораст на бројот на млади од 2012 година до

1 Национална стратегија за млади 2005-2015 година.

2 Национална стратегија за млади 2016-2025 година.

3 Мак Стат База, www.stat.gov.mk

2015 година. Ваквото значително зголемување на бројот на млади (речиси за половина) се случува во 2014 година откако во 2013 година кон Општина Кичево се припојуваат и општините Зајас, Осломеј, Вранештица и Другово[4].

Население на 30.06.2016 по специфични возрасни групи, по пол, по општини, по години




Во согласност со последните статистики, денес е најбројна популацијата на млади на возраст од 20-24 години, и тоа 4 965 млади, потоа 4 102 млади на возраст од 15-19 години, 3 067 млади на возраст од 25-27 години и 2 035 млади на возраст од 28-29 години.

Бројот на млади од машка популација, споредено со бројот на млади од женска популација, во Општина Кичево се движи релативно рамномерно.

Население на 30.06.2016 по специфични возрасни групи, по пол, по општини, по години




4 Население на 30.6.2016 по специфични возрасни групи, по пол, по општини, по години, www.stat.gov.mk

Население на 30.06.2016 по специфични возрасни групи, по пол, по општини, по години




Во следните делови од Стратегијата за млади на Општина Кичево се наоѓа анализата на секоја од областите на кои ќе се фокусира Младинскиот совет на Општина Кичево во наредните пет години. За секоја област е направена анализа во согласност со постоечките документи кои се однесуваат на состојбата на младите на локално ниво, како и статистички податоци од анализата на прашалниците кои се спроведени и кои ги одговорија младите во Општина Кичево. Последниот дел од секоја област вклучува препораки и идни заложби на Младинскиот совет при подготовката на годишните акциски планови. Па така, во продолжение ќе може да најдете анализа на следниве области: образование, социјален стандард, миграција, здравство и девијантни појави кај младите, меѓуетничка интеграција, младинска информираност, учество на млади, урбанизам, култура и спорт.

# ОБЛАСТ – ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието е фундаментално човеково право. Образованието е исто така уставно загарантирано право. Тоа им овозможува на децата, на младите и на возрасните моќ за аргументирано расудување, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и на социјалниот равој[5].

Образовниот систем во земјава е регулиран со посебни закони за секое ниво (претшколско образование, основно образование, средно образование и високо образование). Во изминатите години образованието претрпи низа промени и реформи, стремејќи се да ги достигне меѓународните и европските стандарди. Сепак, ваквиот брз континуитет на реформи оневозможува денеска да се изврши соодветна проценка и да се препознаат соодветните потреби на образовните процеси.

Во поглед на образовниот процес, во Општина Кичево има 34 основни училишта, основани во согласност со Законот за основно образование. Во образовниот процес на ова ниво, во учебната 2015/2016 година се запишале вкупно 3 695 ученици кои ја слушаат наставата на македонски, на албански и на турски јазик.

На територијата на Општина Кичево има и 2 средни општински училишта[6] и тоа: ОСУ „Дрита“ Кичево и ОСУ „Мирко Милески“ Кичево. Вкупниот број средношколци вклучени во двете средни училишта во учебната 2014/2015 година изнесува 2 011 ученици. Во двете средни училишта постојат средношколски организации, односно средношколски заедници кои се залагаат за правата на средношколците во образовните процеси.

Средното образование е регулирано со Законот за средно образование и со Законот за средно стручно образование. Со овие закони е предвидено задолжително и бесплатно средно образование во средните јавни училишта, во кои се остваруваат наставни планови и програми за гимназиско и за стручно образование.

Во земјава еден од најважните процеси е целосната децентрализација и овозможување на општините да бидат самостојни во својата работа. Па, така, образованието (основното и средното) е една од најбитните категории во кои се од-

5 Национална стратегија за млади 2016-2025 година.

6 За потребите на оваа Стратегија за млади ќе бидат разгледувани состојбите и предизвиците во средното и во високото образование, во согласност со дефиницијата и возрасните граници на категоријата млади.

виваше децентрализацијата. Најважните промени кои се случија во образованието се однесуваат на пренесување на сопственоста на училиштата од централната на локалната власт, распределувањето на финансии и финансиски средства, изборот на директори на училиштата, како и организацијата на превозот. Иако општините добија поголема самостојност со процесот на децентрализација, сепак се појавија и некои проблеми и предизвици за општините: некои од училишните објекти беа преземени во многу лоша состојба, непостоење на катастарска евиденција, недостаток на административен капацитет за менаџирање и за планирање средства, невклучување на општините во креирањето на содржините за средното образование, недостаток на координација со централната власт и слично.

Во новата Национална стратегија за млади 2016-2025, исто како во претходната Национална стратегија за млади, посебен дел од областа образование зафаќа неформалното образование и посветеноста на унапредувањето на состојбата со неформалното образование. Дополнително, има низа истражувања за образованието кај нас кои зборуваат дека учениците кои посетувале неформално образование позитивно отстапуваат од оние ученици кои се дел само од формалниот образовен процес. Токму затоа е потребно да се работи и да се поттикнува учеството на учениците во неформалните образовни процеси.

Младинскиот совет на Општина Кичево многу може да придонесе во оваа област[7] и неформалното образование претставува негова предност, па затоа во посебниот прашалник се истражуваше оваа тема. Дополнително, во оваа област беше истражувана и потребата на младите од соодветни и снабдени библиотеки и читални, како и превозот до училиштата.

Во областа образование младите изразуваат најголема потреба за повеќе библиотеки и читални во градот кои, инаку, се добро снабдени со книги. Дури 90,3 % од испитаниците ја навеле оваа потреба како најнеопходна и ја издвоиле за решавање во наредниот период. Иако основната надлежност на општините не е одржување на библиотеките и на читалните надвор од училиштата, особено кога станува збор за образованието, сепак младите, во согласност со податоците, истакнуваат дека ова се неговите најголеми потреби. Понатаму, во областа на неформалното образование младите во Општина Кичево сметаат дека и неформалното образование (обуки, летни академии, семинари) треба да го има во поголем број во Општината, што значи дека е неопходно граѓанските организации кои работат со младински прашања да посветат повеќе време на примената на активности кои сѐ повеќе ќе ги вклучуваат заинтересираните млади во нивната работа. Ако се земе предвид дека младите во Општина Кичево одговориле со 73,6 % дека неформалното образование ги едуцира младите за нивните права, може да

7 Младинскиот совет на Општина Кичево е составен од претставници на младински граѓански организации и форми на младинско здружување.

го претпоставиме значењето кое го има неформалното образование во оваа заедница и за младите. Испитаниците во Општина Кичево со 74,5 % издвоиле и дека неформалното образование (обуки, летни академии, семинари) што досега им се нуди на младите е соодветно со нивните потреби и младите се заинтересирани да се вклучуваат. Всушност, застапеноста на неформалното образование се издвојува како предизвик во работата на Младинскиот совет бидејќи младите го истакнуваат неговото значење. Во согласност со други истражувања на оваа тема,[8] локалната самоуправа треба да има посебен интерес во унапредувањето на состојбата со неформалното образование. Па, така, за да го поттикнува неформалното образование, локалната самоуправа треба да ги испита потребите на младите за неформално образование и да овозможи соодветна финансиска поддршка. Токму овие податоци беа земени предвид при подготовката на оваа локална младинска стратегија, а особено ќе влијаат при подготовката на едногодишните акциски планови за примена на Стратегијата за млади на Општина Кичево.

Образованието во Општина Кичево не го вклучува само реализирањето на образовниот процес во објектите, односно предавањата и неформалното образование, туку вклучува и обезбедување на сите неопходни услови за да може да се спроведе образовниот процес. Па, така, во фокусот на истражувањето во областа образование беше истражувано и за превозот којшто го добиваат учениците во согласност со Законот за средно образование. 65,1 % од испитаниците зборуваат дека младите од руралните средини имаат проблем со превозот до училиштето. Превозот на учениците до училиштето е во целосна надлежност на локалната самоуправа, па затоа овие податоци се многу битни при изработката на идните документи. Потребно е Младинскиот совет на Општина Кичево да се посвети на подобрување на превозот што го имаат младите од руралните средини, со цел да може да им се олесни пристапот до училиштата на средношколците и да имаат еднакви права како младите од урбаните средини.

Насилството во училиштата е тема на која особено се фокусираат граѓанските организации и меѓународната заедница, имајќи ги предвид случувањата во изминатите години и постоењето на етничките тензии, како и појавата на говорот на омраза. Па, така, соодветен дел од овој прашалник беше наменет и за насилството во училиштата, како и за видовите насилство кои може да се појават во училиштата, како тема на која особено внимание посветува Младинскиот совет на Општина Кичево. Па, така, највисок процент од испитаниците, 38,81 %, изјавиле дека во училиштето забележале намерно задевање на некој соученик и нарекување со погрдни имиња, 12,46 % проценти од испитаниците изјавиле дека најчесто

8 Буова Е., Додовски И., „Неформалното образование во Република Македонија: Состојби и предизвици", МКЦ Битола, 2009; достапна на http://mkcbt.org.mk/mkc/wp-content/uploads/2015/03/MKC-BitolaNFOpublikacijaMK.pdf

забележале физичко насилство, додека 10,20 % забележале уништување на предмети или на објекти во училиштето. Овие добиени податоци од страна на младите во Општина Кичево се идентични со податоците добиени во истражувањето на УНИЦЕФ на оваа тема[9] на национално ниво. Ваквите состојби објаснуваат дека особено е битна едукацијата во спречувањето на насилството. Ако се земе предвид дека една од алатките кои средношколците ги сметаат за најнеопходни во образованието е поголемата зачестеност на неформалното образование, се остава простор неформалното образование заедно со формалниот образовен процес да придонесат кон намалување и спречување на насилството во училиштата, како и уништување на инвентарот во училиштата. Овие податоци особено се битни при подготовката на идните акции и активности на Младинскиот совет на Општина Кичево.

Во Општина Кичево на младите им е овозможено да го продолжат своето образование и на повисоко ниво, односно има високообразовни установи кои нудат терцијално образование. Па, така, во градот има студии на Техничко-технолошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ од Битола, правни студии на Правниот факултет – Кичево, во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, дисперзирани студии на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово, дисперзирани студии на Економскиот факултет, насока Сметководство и финансии, при Државниот универзитет во Тетово, како и дисперзирани студии на Филолошкиот факултет, насока Англиски јазик, при Државниот универзитет во Тетово.

Во рамките на високото образование, во Општина Кичево има и студентски заедници, односно студентски парламенти кои се претставници на студентите во процесите на донесување одлуки во високото образование. Но, она што е карактеристично за високото образование, кое е регулирано со Законот за високо образование, е дека овој степен на образование ужива посебна автономија, така што и локалните власти немаат никакви ингеренции и право да учествуваат во неговата организација и имплементација. Токму затоа изостануваат активности и истражувачки прашања од оваа област. Сепак, има прашања (организирање, информирање на млади) кои на некаков начин индиректно го допираат овој степен на образование.

Во наредните години, Младинскиот совет на Општина Кичево при подготовката на акциските планови за спроведување на Стратегијата за млади, особено ќе ги земе предвид прашањата кои младите ги истакнуваат како предизвици и алармираат за потребата од нивно решавање.

Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се потруди во наредниот период да ги зголеми фондовите на библиотеките и на читалните со книги кои им се потребни на младите како дел од формалното образование, но и со интересна и привлечна стручна литература која може да им помогне во учењето. Исто така, Мла-

9 Алгоритам центар, Биро за развој на образование, „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија“, 2009 година.

динскиот совет ќе се фокусира на организација на низа настани (размена на книги, улични библиотеки) преку кои ќе направи многу поголем и посеопфатен фонд на книги достапни за младите за да може да ги задоволи нивните потреби на ова поле.

Во поглед на неформалното образование, Младинскиот совет на Општина Кичево во наредните години ќе ги поттикнува сите граѓански организации преку соодветна соработка со нив да промовираат неформално образование и да одржуваат многу повеќе обуки, тренинзи и семинари за младите од оваа општина. Фокусот би бил ставен на обуки чија тематика се граѓанските, младинските, студентските и средношколските права, земајќи предвид дека ова е најзастапениот начин на кој младите се образоваат за овие теми. Младинскиот совет на Општина Кичево, покрај соработките со граѓанските организации, низа активности на оваа тема ќе вклучува и во својот акциски план, односно во неформалното образование што ќе го спроведува самиот Младински совет со цел да ги задоволи потребите на младите и да одговори на сите предизвици со кои се соочуваат.

При подготовката на активностите за спречување на насилството во училиштата, Младинскиот совет особено ќе ги земе предвид активностите и насоките кои се дел од Стратегијата за намалување на насилството во училиштата 2012-2015 година[10]. Иако е измината нејзината важност, сепак оваа стратегија вклучува активности кои е неопходно да бидат продолжени со спроведување во наредниот период. Исто така, Младинскиот совет ќе се вклучи во сите активности кои ќе значат подготовка на нова ваква стратегија. При подготовката на активностите во оваа област ќе бидат земени предвид и податоците и активностите од проектот „Заедно за училишта без насилство", наменет за училиштата со своја веб-страница која вклучува новости и активности од училиштата, родителите, наставниците и учениците[11]. Дополнително, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се посвети на намалување на говорот на омраза преку соодветни кампањи и едукација.

При изработката на акциските планови за примена на активностите од стратегијата ќе биде оставен соодветен простор за нови и актуелни прашања кои ќе ги засегаат младите во областа на образованието.

За примена на активностите во оваа област, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе соработува со средните училишта на својата територија, високообразовните институции, Министерството за внатрешни работи, како и со граѓанските организации на локално ниво.



10 Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015 година, http://arhiva.vlada.mk/registar/?q=node/411

11 Заедно за училишта без насилство, www.beznasilstvo.mk

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА ОБРАЗОВАНИЕ

- Зголемување на фреквентноста на превозот за средношколците од руралните во урбаните делови на Општина Кичево и обратно.
- Поддршка на неформалното образование и на младинските граѓански организации во Општина Кичево.
- Овозможување поголем број обуки, тренинзи и летни академии за младите од Општината.
- Промоција и зголемување на бројот на млади кои се дел од неформалното образование во Општина Кичево.
- Зголемување на библиотечниот фонд и на бројот на библиотеки и читални во Општината.
- Подигнување на свеста меѓу младите за насилството во училиштата и спречување на насилството во училиштата.

# ОБЛАСТ – СОЦИЈАЛЕН СТАНДАРД

Социјалниот стандард е една многу широка тема која во себе вклучува многу прашања за младите, почнувајќи од процесот на вработување, па сè до процесот на основање сопствен дом. Оваа тема особено е битна за младите бидејќи во земјите во светот младите уживаат многу бенефиции благодарејќи на својот статус во општеството. Во оваа област темите кои беа истражувани кај младите, со цел да се опфатат во стратегијата, беа младинското вработување и самовработувањето, бенефициите кои ги уживаат младите во општеството, како и домувањето на млади и млади брачни парови.

Вработувањето на младите претставува еден многу важен чекор во животот на секој млад човек, особено за својата себереализација и трансформација во едно општество. Вработувањето најчесто претставува и прв чекор кон достигнување финансиска и социјална независност [...] тесно поврзан со квалитетот на животот на младите луѓе, нивната самодоверба, можностите за мобилност, но и практични одлуки поврзани со домувањето, градењето семејство и трасирањето на патот на идниот професионален и кариерен развој[12]. Сепак, кај нас невработеноста кај младите сè уште е многу висока и се потребни активности и на централната и на локалните власти со цел да се унапредува ваквата положба. Во прилог има податоци за невработеноста кај младите на ниво на цела држава[13].



12 Национална стратегија за млади 2016-2025 година.

13 Стапки на невработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе според полот и возраста, по години, www.stat.gov.mk

Стапка на невработеност на населението на возраст од 15 години
и повеќе според полот и возраста, по години




Како клучен предизвик кој влијае на нивото на невработеноста кај младите се издвојува општата економска состојба во земјата, која пред сè резултира со недостиг на соодветна понуда на работни места по обем и по квалитет. Многу често од страна на работодавците се потенцира дека младите не поседуваат компетенции кои се барани на пазарот на трудот. Според Акцискиот план за вработување на младите во 2015 година, и покрај зголемувањето на нивото на образованието, повеќето млади во земјава се соочуваат со проблемот на интеграција на пазарот на трудот, односно непречено преминување од образование кон работа, пред сè поради неусогласеноста помеѓу резултатите од образованието и барањата на пазарот на трудот[14]. Според истражувањето на Светската банка “Demand for Skills in FYR Macedonia”, спроведено на околу 1700 фирми, домашнитеработодавци сугерираат дека на младите, како дел од пазарот на трудот, им недостасуваат вештини како одговорност, мотивација, комуникација, грижа за корисници, тимска работа, на сметка на специфичното знаење[15]. Во Националната стратегија за вработување од 2015 година[16] и Придружниот акциски план е истакната заложбата на Владата за решавање на состојбата со вработеноста на младите лица поради нивната ранливост и изложеност на социјална исклученост. Утврдените клучни предизвици вклучуваат: (1) зголемување на економскиот пораст и стапката на инвестиции заради зголемување на бројот на работните места; (2) подобрување на целокупното ниво



14 Министерство за труд и социјална политика, Акциски план за вработување на младите 2015 година, достапен на www.mtsp.gov.mk/content/pdf/vrabotuvanje_mladi_akciski.pdf

15 Rutkowski J., „Demand for skills in FYR Macedonia“, 2010.

16 Национална стратегија за вработување 2015, достапна на http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

на вработеност, особено на младите лица, долгорочно невработените и поединците со ниско ниво на образование; (3) подобрување на релевантноста на системот за образование и обука на пазарот на трудот; и (4) намалување на неформалната вработеност. Справувањето со овие предизвици бара синхронизирани политики во областите на инвестиции, промовирање на претпријатијата, образование и обука, социјален дијалог и активни политики за пазарот на трудот.

Во земјава во изминатите години се применија неколку мерки кои субвенционираа вработување на младите, како и проекти заедно со УНДП кои субвенционираа самовработување кај младите. Токму затоа постоењето на овие мерки беше цел во прашалникот за испитување на состојбата со социјалниот стандард во Општина Кичево. Овие мерки во себе вклучуваа и низа активности за унапредување на работните вештини кај младите за да може поедноставно да најдат работа и да одговорат на работните предизвици. Всушност, работните вештини и недостигот од обуки кои ги зголемуваат работните вештини кај младите се и најголемиот и најприоритетниот предизвик за Младинскиот совет на Општина Кичево, којшто го издвоиле 85,8 % од младите. Дополнителни 50,7 % од младите не се доволно информирани со повиците, односно огласите за вработување на млади и мерките за самовработување што, всушност, претставува можност во наредниот период Младинскиот совет, заедно со Општина Кичево и со Агенцијата за вработување, да се фокусира кон дисперзирање и доставување на сите информации за областа вработување до младите, со цел поголемо вработување и зголемување на работните вештини кај младите во оваа општина. Со работата и фокусирањето на оваа област ќе се зголеми и социјалниот стандард.

Овозможувањето сопствено место за живеење е циклус од животот кај младите којштo директно зависи од нивната вработеност и стандардот што го имаат. Во изминатите години се воведоа и мерки од страна на централната власт кои се наменети за овозможување сопствен дом за младите и за младите брачни парови[17]. Овие можности особено се битни ако се земат предвид податоците од истражувањата во кои речиси 80 % од младите кои имаат над 18 години сè уште живеат со своите родители, додека 14,5 % од нив кажале дека живеат со партнер, а само 3,2 % дека живеат сами. Причините, главно, се од практична природа или, пак, нема особени причини зошто младите сè уште живеат со своите родители: 35 % од испитаните млади рекле дека живеат со родителите од практични причини и исто толку не навеле некоја посебна причина за живеењето со родителите[18]. Токму од наведените причини беа испитувани и овие прашања, со цел подготовка на соодветна младинска стратегија на Општина Кичево. Домувањето и овозможувањето

17 Проект „Купи куќа, купи стан", www.kupikukakupistan.gov.mk

18 Топузовска-Латковиќ М. и др., „Студија за младите во Република Македонија", Фондација Фридрих Еберт 2013, достапна на www.fes.org.mk/pdf/pub-mk-13.pdf

сопствено место за живеење кај младите, испитаниците го наведоа како голем проблем кога станува збор за социјалниот стандард. Па, така, високи 82,4 % од испитаниците кажале дека младите многу тешко може да си овозможат сопствено место за живеење и да се издвојат од потесната семејна заедница. Неможноста да си дозволат сопствено место за живеење испитаниците ја наведуваат како проблем и на младите брачни парови. Па, така, 78,19 % од испитаниците кажале дека младите брачни парови тешко може да си дозволат сопствено место за живеење, додека 68,8 % од испитаниците кажале дека младите брачни парови не се запознаени добро со мерките и со субвенциите што се нудат за овозможување сопствено место за живеење. Домувањето на младите и овозможувањето сопствено место за живеење се третираат како сериозен проблем и предизвик за Младинскиот совет во наредниот период.

Како дел од социјалниот стандард кај младите се и мерките и бенефициите што тие ги уживаат во едно општество. Па, така, може да се бенефиции кои произлегуваат од образовниот процес за ученици и студенти, но може да се и посебни мерки наменети за сите млади кои им овозможуваат да живеат поквалитетен живот во една заедница. Па, така, како бенефиции за младите се сметаат бесплатниот јавен превоз за млади, како и бенефициите за младите во однос на културните настани и слично. Во однос на прашањата наменети за социјалните бенефиции кои ги уживаат младите, дури 75 % се изјаснуваат дека младите немаат социјални бенефиции. Немањето и недостатокот на социјални бенефиции директно влијаат врз квалитетот на животот на младите и врз нивната социјална ангажираност во една заедница.

За предвидување и примена на активностите за оваа област во стратегијата, Младинскиот совет ќе се соочи со големи предизвици, пред сè ако се земе предвид дека темата младинско вработување е еден од најбитните и најсериозните предизвици со кои се соочува земјата. Сепак, соодветната промоција на мерките за вработување и за самовработување, како и пристигнувањето на овие информации до сите млади, ќе бидат една од задачите на Младинскиот совет на Општина Кичево во наредниот период. Зголемувањето и унапредувањето на вештините на младите за да може да одговорат на предизвиците на работните места, исто така, е цел на Младинскиот совет во наредните години. Преку воспоставување соодветна соработка со надлежните институции, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се потруди за остварување на највисоките цели во оваа област.

Соодветната презентација, информирањето и искористувањето на мерките за домување од страна на младите ќе заземат посебно место во активностите на Младинскиот совет на Општина Кичево. Овозможувањето помош и советувањето за искористување на мерките за домување, Младинскиот совет ќе се обиде да го доближи до младите во Општина Кичево и да им даде соодветна поддршка.

Во поглед на бенефициите што ги користат младите, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе работи на унапредување на моменталната состојба и примена на повеќе активности кои во себе вклучуваат младински културни прашања кои-што ќе промовираат поголем социјален стандард кај младите, искористување на моменталните бенефеции и поттикнување нови бенефиции со цел подобрување на квалитетот на животот што го живеат младите.

Како и во секоја друга област, така и тука, ќе биде оставен простор за вклучување на активности за актуелни теми и предизвици со кои ќе се соочуваат младите на локално ниво. За успешна примена на активностите од оваа област, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе соработува со Агенцијата за вработување, соодветните надлежни институции на централната власт, како и со соодветните културни институции на локално ниво, со граѓанските организации и со младите. За оваа област и за унапредување на вештините на младите, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе соработува и со образовните институции на сите нивоа.



# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА СОЦИЈАЛЕН СТАНДАРД

- Информирање и поддршка на младите за можностите за вработување и за самовработување на млади.
- Поддршка и развој на волонтерството во локалната заедница.
- Информирање и поддршка на младите за искористување на можностите за домување на млади и млади брачни парови во Општина Кичево.
- Овозможување социјални бенефиции за млади за унапредување на нивниот квалитет на живот во Општина Кичево.
- Воспоставување соработка со надлежните институции за надминување на младинските состојби и унапредување на положбата на младите.

# ОБЛАСТ – МИГРАЦИЈА

Миграцијата претставува област за која многу ретко се зборува во земјава, но многу се алармира. Миграциите може да предизвикуваат најразлични текови во економијата, а следствено на тоа да влијаат и врз стандардот во едно општество, како и врз квалитетот на животот којшто ќе го живеат младите во одредени региони. Всушност, оваа област претставува и една од најалармантните области за кои најмногу се загрижени младите во Општина Кичево, според нивните одговори добиени во прашалникот.

Во согласност со официјалните податоци од Државниот завод за статистика, бројот на отселени млади од Општина Кичево се зголемува во последниве години. Ова зголемување на бројките може да зависи и од припојувањето на други четири општини кон Општина Кичево, за кои стана збор понапред во областа образование. Во согласност со овие податоци, во оваа статистика влегуваат само оние млади кои официјално (со промена на адреса) се отселиле од Општината. Тука не се вклучени податоците на младите кои одат во друг град за да студираат.



Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години




Од овие приложени статистики од Државниот завод за статистика на нивната официјална веб-страница, може да се забележи дека многу повеќе има отселување на млади од женската популација, во споредба со млади од машката популација.

Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години




Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години






Токму поради овие податоци, како и поради трендот во државата за иселување на младите, оваа тема зазема посебно место во нашиот прашалник. Па, така, беа вклучени прашања за миграциите на младите поради работа или студирање, нивно враќање во заедницата и слично. Овој дел на прашалникот и прашањата во него се поделени на два дела, односно на миграција која се случува преку иселување од Општината (иселување во друг град или друга држава) и миграција која се случува внатре во рамките на Општината (миграција од село во град и обратно). Мора да се напомене дека миграцијата и прашањата за миграција добија проценти на највисока загриженост и проблем во Општина Кичево. За Младинскиот совет на Општина Кичево особено ќе биде важно во наредниот период да се посвети на работа и едукација за овој проблем којшто е наведен како нај-

голем предизвик. Па, така, дури 93,7 % од испитаниците велат дека миграцијата на младите во Општина Кичево се случува поради наоѓање работа во друга држава. Специфичноста на ова прашање и високиот процент покажуваат дека најголема причина за иселување на младите е вработувањето, но во друга држава. Испитаниците, исто така, посочуваат дека младите ја напуштаат Општината за да студираат. Па, така, 91,7 % од испитаниците велат дека миграцијата се случува и поради вклучување во високообразовниот процес. Овој податок треба да се земе во сооднос и со постоењето на високообразовните институции во Општина Кичево, особено при подготовката и реализацијата на активностите од страна на Младинскиот совет на Општина Кичево. Следствено на ова, висок процент од дури 87,2 % испитаници изразуваат загриженост дека младите ја напуштаат Општината за да најдат работа во друг град. Преку ваквите одговори и сериозно високите проценти може да се забележи дека младите се особено загрижени за овој проблем во Општина Кичево. Младите, исто така, како проблем го наведуваат и прашањето дека младите кои заминуваат на студии или на работа ретко се враќаат назад во својата општина за да го продолжат својот живот. Како сериозен проблем, ова го навеле дури 83,29 % од испитаниците.

Вториот дел од прашањата во овој дел се однесуваат на миграцијата на младите внатре во рамките на Општината, како и на потребите на младите поради кои може да се случува миграцијата. Па, така, еден од предизвиците кои ги наведуваат младите и на кои може да работи Младинскиот совет во наредниот период е унапредувањето на можностите (култура, спорт, забавен живот, образование) за младите кои живеат во руралните средини, како и подобрување на редовниот превоз за младите од руралните средини кон урбаниот дел на Општината. Преку овозможување вакви предуслови ќе се влијае и врз квалитетот на животот којшто го живеат младите, а со тоа и врз миграцијата која се наведува како предизвик за решавање во наредниот период во Општина Кичево.

Во наредните години, Младинскиот совет на Општина Кичево особено ќе треба да се фокусира на оваа тема и на задоволување на потребите на младите, како и на едукација на младите од оваа област. Во согласност со можностите и надлежностите на локалните власти во оваа област, а следствено на тоа и надлежностите кои може да ги има Младинскиот совет на Општина Кичево, активностите многу повеќе ќе се однесуваат кон унапредување на квалитетот на животот на младите во руралните средини, како и на младите во урбаните средини, како еден од начините со кој може да се намали миграцијата во оваа општина. Со унапредување на квалитетот на образованието, социјалниот стандард, како и можностите кои ги имаат младите, Младинскиот совет заедно со младите од оваа општина заеднички и преку низа активности може да алармира за предизвикот и за проблемот со кој се соочува Општина Кичево во поглед на миграцијата. Особено е битно да се зе-

мат предвид податоците за перцепцијата на младите во поглед на „враќањето на младите по студиите“ бидејќи овие враќања, главно, се врзани со вработувањето и со квалитетот на животот којшто им е овозможен на младите по завршувањето на процесот на образование. Исто така, во овој поглед се јавуваат и можноста и посветеноста на Младинскиот совет за лоцирање на потребите на младите во областа на високото образование и причините зошто младите заминуваат во друг град на студии. Па, така, се поставува прашањето дали е тоа поради потребата од различни видови образование за разлика од она кое се нуди на локално ниво или, пак, се работи за потрага по поквалитетно образование и подобро рангирани универзитети и факултети.

Овие податоци и фокусот на Младинскиот совет на Општина Кичево на оваа тема во наредниот период ќе може да ја унапредат состојбата на младите и да овозможат информации преку кои ќе се пристапи стратешки со цел намалување на миграцијата на младите во Општина Кичево.



## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА МИГРАЦИЈА

- Унапредување на положбата на младите во Општината.
- Лоцирање на потребите на младите во Општината за примена на соодветни мерки за спречување на иселувањето на младите од Општината.
- Зголемување на можностите за младите за подобрување на квалитетот на нивниот живот.

# ОБЛАСТ – ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА

Здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци[19]. Токму поради ваквата широка дефиниција оваа област во себе вклучува најразлични теми, како на пример: соодветни здравствени установи, сексуално образование, користење на најразлични пороци во животот на младите, сообраќајна заштита, чувство на сигурност во заедницата и слично. Целта на активностите и на прашањата од оваа област беше да се наведат соодветните потреби на младите за да може да се применат соодветни активности кои ќе се фокусираат на превентивни програми, размена на информации, едукација на младите, промоција на здрави животни стилови и слично.



Доброто здравје во адолесценцијата е од основно значење за благосостојба, но и основа за добро здравје подоцна во животот. Сепак, ние не инвестираме доволно во превенција и рана интервенција со млади луѓе на возраст од 15-29 години, па кога ќе се јават проблемите, тие се соочуваат со бариери во пристапот до соодветна грижа. Има охрабрувачки трендови, како што се намалување на пушачите, активности поврзани со ХИВ/СИДА, но исто така има и големи нееднаквости во здравството. За одредени прашања во државава се говори малку, а се работи уште поретко. Тука ги вклучуваме менталните здравствени проблеми (вклучувајќи ги анксиозноста и самоповредувањето), злоупотребата на супстанции, начинот на исхрана, како и охрабрувањето на здрави односи со социјалните медиуми. Во однос на услугите, останува потребата за повеќе младински пријателски/врснички поддршки, повеќе работна сила за обука на развој на адолесцентната група и за подобро разбирање на правилата околу доверливоста[20].

Кај нас, за жал, здравствената статистика отсуствува од официјалните информации и ретко е сегрегирана по возрасти. Поради тоа е многу тешко да се даде објективна слика за состојбата на здравјето помеѓу младите, а посебно на оние кои се маргинализирани по која било основа.

19 Дефиниција според Светската здравствена организација.

20 Анализа за Националната стратегија за млади 2016-2025, www.strategijazamladi.mk

Сепак, во согласност со истражувањата кои ги спроведуваат различните актери во општеството, состојбата со здравјето и превенцијата кај младите е добра. Па, така, општата здравствена состојба на младите од 15 до 29 години е на особено задоволително ниво (85 % од испитаниците се изјаснале дека нивната здравствена состојба е „одлична“, односно „многу добра“). Врз основа на податоците добиени од скалата за ментално здравје на Светската здравствена организација, младите покажуваат солидна емоционална усогласност помеѓу животните активности и напорите за постигнување психолошка стабилност (92 % манифестирале „умерено ментално здравје“, односно „високо изразено ментално здравје“)[21]. Сепак, иако младите сметаат дека се наоѓаат во добра здравствена состојба, оваа област има многу предизвици со кои се соочуваат младите.

Во однос на здравствениот систем и на правата кои произлегуваат од здравствениот систем во државава, младите во Општина Кичево се малку запознаени и не се задоволни од неговиот квалитет. Па, така, 71,1 % велат дека не се задоволни од квалитетот на здравствената заштита којашто ја добиваат кога им е потребна. Со цел да се доведат до максимум задоволството и исплатливоста на здравствените услуги кои им се нудат на младите, тие треба да бидат замислени во согласност со нивните потреби и во одредени случаи да се разликуваат од оние на возрасните. Исто така, треба да бидат насочени кон обезбедување соодветни информации во врска со унапредувањето на здравството и превенцијата од болести, како и вклучување на психолошка и социјална поддршка. Младоста е период на големи промени и експериментирање низ кој поминува секоја личност. Здравствените навики и однесување воспоставени и научени во овој период се пренесуваат во текот на животот и имаат влијание во постара возраст. Ваквите навики вклучуваат исхрана, пушење, пиење алкохол, употреба на дроги и други психоактивни супстанции, однос кон физичката активност и сексуалните навики[22]. Еден од начините за поголемо задоволство од здравствената заштита во една земја е и добрата информираност на младите за сите права и обврски кои произлегуваат од неа. Во земјава, во изминатите години се воведоа некои социјални мерки кои во себе вклучуваат или, пак, ги допираат правата од здравствената заштита, особено кај младите. Токму затоа беше испитувана и запознаеноста на младите со правата од здравствената заштита и постоењето на новите бенефиции. Но она што особено загрижува, а Младинскиот совет на Општина Кичево може да придонесе кон унапредување на состојбата, е непознавањето на правата од здравствената заштита од страна на младите.

21 Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, „Извештај за состојбата со младите“, декември 2014 година.

22 Акциски план за имплементација на Националната стратегија за млади 2009 година.

Па, така, високи 75,9 % велат дека не се запознаени со можноста за губење на бесплатната здравствена заштита. Во оваа област е неопходна едукација за да може младите соодветно да ги остваруваат и да ги заштитуваат своите права.

Во оваа област, врз основа на спроведените консултации со советниците во Општина Кичево, како и со претставниците на соодветните здравствени институции, изразена е загриженост за одделни девијантни појави, со посебен нагласок на користењето алкохол и психотропни супстанции од страна на малолетни лица. Во согласност со изјавите на засегнатите надлежни страни, Младинскиот совет на Општина Кичево во наредниот период и во соработка со овие институции ќе мора да спроведе активности и да ја подигне свеста меѓу младите за штетните дејства што ги имаат овие две појави.

Во областа здравство и девијантни појави кај младите, за потребите на оваа локална младинска стратегија се истражуваше задоволството кај младите од животот којшто го живеат, добивањето на здравствената заштита, девијантните појави кај младите, безбедноста во својата заедница и безбедноста во училиштата. Од приложените резултати и обработката на повеќе видови прашања во однос на безбедноста и сигурноста која младите ја чувствуваат беа понудени повеќе места, како што се: своето маало, училиштето, автобуските станици, местата каде што го поминуваат слободното време и слично. Од нивните одговори може да се заклучи дека кога младите се движат во делови од заедницата кои им се познати (училиште, центар, својата населба, блиска автобуска станица) се чувствуваат безбедни. Сепак, најбезбедни се чувствуваат младите во својата населба (81,3 %). Ваквите податоци на младите од Општина Кичево се поклопуваат и со податоците кои се на ниво на целата држава каде што речиси 90 % од младите, учесници во студијата, одговориле дека се чувствуваат сигурно во местото каде што живеат, а притоа нема разлика меѓу младите со различен етницитет, пол, возраст, место на живеење и регион[23]. Во согласност со податоците добиени од прашалникот за Стратегијата за млади на Општина Кичево, следно место каде што младите се чувствуваат најсигурно е во центарот на општината (77,3 %). Автобуските станици се оценети како места на кои младите се чувствуваат безбедно (71, 6%), исто како и училиштата (69,1 %). Во согласност со сите дадени одговори, генералното мислење на младите е дека Општина Кичево е безбедна општина. Сепак, младите во овој прашалник наведоа и одредени проблеми во однос на чувството на безбедност, со посебен акцент на безбедноста во сообраќајот. Степенот на безбедност кај младите се намалува кога станува збор за сообраќајот. Па, така, 66,5 % проценти изјавуваат дека им е отежнато движењето во Општината како пешаци, додека 77,6

23 Топузовска-Латковиќ М. и др., „Студија за младите во Република Македонија“, Фондација Фридрих Еберт, 2013, достапна на www.fes.org.mk/pdf/pub-mk-13.pdf

% од младите изјавуваат дека е отежнато возењето автомобил во Општината поради малата сообраќајна култура. Во согласност со податоците и објавите на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, младите возачи се категорија која најмногу не го почитува ограничувањето за брзина на движењето. Кога зборуваме за учество во сообраќајни незгоди, младите до 25 години се склони за учество во сообраќајни незгоди. Ризикот може да се огледа во неколку аспекти, прво во неискуството, понатаму во склоноста кон ризично однесување и трето, почетничките грешки коишто ги прават младите возачи. Во првите години, општо, младите возачи не се свесни со кои ризици ќе се соочат во сообраќајот[24]. Токму поради овие податоци, а и намалената безбедност на младите, Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот во своите програми има активности посветени на младите и на безбедноста во сообраќајот, со посебен фокус на младите како корисници на автомобили и мотоциклисти и како пешаци[25].

Во согласност со заклучоците изложени погоре, неопходно е младите да се едуцираат за правата кои ги имаат од здравствената заштита. Ваквата едукација треба да е сеопфатна и во себе да ги вклучува сите проблеми и предизвици со кои може да се соочи еден млад човек (користење пороци, сексуално образование, права и обврски во здравството, учениците и здравствената заштита и сл.). Токму една од активностите на Младинскиот совет на Општина Кичево ќе биде поврзување на различните категории млади со темите кои ги опфаќа здравствената заштита. Вака ќе се поттикне соодветното искористување на правата и можностите кои им се нудат во нашата земја.

Младинскиот совет на Општина Кичево редовно ќе ги следи статистиките и проблемите на младите со здравјето и превенцијата со цел да може да работи и на прашања и предизвици со кои ќе се соочуваат младите на локално ниво, а кои не се дел од нивниот стратешки документ.

Со цел да може да се зголеми безбедноста на младите во сообраќајот, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се фокусира и на соодветна едукација на младите преку организирање на работилници, акции и активности кои ќе ја подигнат свеста кај младите и кај пошироката популација. Ваквите активности Локалниот младински совет ќе се труди да ги спроведува заедно со надлежните институции од оваа област со цел да го подигне задоволството на младите во однос на здравствената заштита, нивната информираност во однос на здравствените права, како и чувството на безбедност во својата општина.

24 Трибина „Младите и безбедноста во сообраќајот", Куманово, повеќе информации на http://www.rsbsp.org.mk/rsbsp-na-tribina-na-tema-mladite-i-bezbednosta-vo-soobrakjajot-vo-kumanovo

25 Годишен извештај за реализирани активности на Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата 2015 година, www.rsbsp.org.mk

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА

- Информирање на младите за правата и обврските кои произлегуваат од здравственото осигурување.
- Промоција и едукација на младите за здрави животни навики.
- Превенција и едукација на младите за штетното влијание на сите видови зависности.
- Подигнување на свеста и едукација на младите за сообраќајната култура.
- Подигнување на свеста во заедницата за безбедност во сообраќајот.

# ОБЛАСТ – МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓуетничката интеграција во нашето општество е многу битна ако се земе предвид дека е определена и со највисокиот правен акт на земјата. Па, така, член 8, алинеја 2, со амандманот VI од Уставот предвидува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции на сите нивоа[26]. Покрај Уставот, и низа други закони во земјава ја отсликуваат мултиетничката реалност (Закон за основното образование, Закон за средното образование, Закон за локална самоуправа и слично). И покрај сите мерки кои земјата ги воведе со цел да се зголеми меѓуетничката интеграција, сепак многу малку од мерките се однесуваат на младите. Кога станува збор за младите и меѓуетничката интеграција, главниот фокус е ставен на меѓуетничката интеграција во образованието, сметајќи дека така на најпогоден начин ќе може да се постигне целта. Всушност, преку образовниот процес е потребно да се промовира мултикултурализмот и да се придонесе кон подобрување на мултиетничките односи во земјата. Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебно разбирање и градење на кохезивно општество. Иако аспирациите за членство во ЕУ/НАТО се заеднички за сите граѓани на земјата, се поставува прашањето за подготвеноста на учениците да живеат во мултикултурното и мултиетничкото семејство на Европската Унија. Учениците во оваа земја прво треба да научат да ги разбираат, да ги прифаќаат и да ги почитуваат разликите во сопствената земја за да се интегрираат во сопственото општество. Потоа, тие може да тежнеат кон потполна интеграција во европското семејство[27].

Но она што се случува во реалноста е сè поголема етничка поделеност во образованието. Во својата изјава, дадена на 718 пленарна средба на постојаниот Совет на ОБСЕ, високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ[28] изјавува



26 Устав http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx.

27 Виолета Петроска-Бешка, Мирјана Најчевска, Николина Кениг, Сафет Балажи и Ана Томовска, „Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието", 2009 година.

28 Statement by Knut Vollebaek, OSCE High Commissioner on National Minorities, The 718th plenary meeting of the OSCE Permanent Council (2009).

дека „има алармантен тренд на раздвојување по етничка линија". Според него, ова раздвојување во одредени случаи резултира дури и со насилство. Од страна на комесарот до министерот за образование се поднесени Специфични препораки за интеграција низ образованието[29]. Во извештајот се потенцира дека сегрегираното образование чини многу скапо кога се обидуваме да изградиме кохезивни општества и дека интегрираното образование не се состои само во доведување на децата од различни етнички групи во една училница, туку опфаќа и: демократско и децентрализирано управување со училиштата, интересни и инклузивни учебници, вонучилишни активности, како и деполитизирани програми и учебници. Според комесарот, ова е област во којашто земјата заостанува поради што меѓуетничката толеранција повторно треба да биде ставена на дневен ред, а образованието треба да стане дел од една многу поширока национална стратегија за промоција на интеграцијата во градењето на мултиетничко општество.

Ваквите состојби и аларми продолжуваат и во наредните години. Дотолку повеќе што многу често се јавуваат етнички тензии меѓу учениците. Сепак, има општини коишто се обидуваат да промовираат активности со цел да се зголеми меѓуетничката интеграција и имаат успешни проекти.

Имајќи го предвид гореизложеното, Младинскиот совет реши во прашалникот да ја испитува и оваа тема. Општина Кичево е мултиетничка општина во која живеат повеќе етнички заедници. Сѐ до 2016 година во Општина Кичево имаше два официјални јазици, македонскиот и албанскиот јазик. На 30 јуни 2016 година турскиот јазик станува трет официјален јазик во Општината. Преку ова Општина Кичево дава сигнал во јавноста, а и меѓу граѓаните, дека сака да се гради како мултиетничка општина со еднакви права на сите заедници кои живеат во неа.

Меѓуетничката интеграција е тема која е особено битна за средина како Општина Кичево, како и за младите во оваа општина кои секојдневно времето го поминуваат заедно. Затоа е неопходно оваа тема да заземе посебно место во стратегијата бидејќи активностите во оваа област ги засегаат сите млади. Општата слика добиена од податоците во истражувањето е дека младите се дружат меѓусебно и реализираат активности заедно. Па, така, 82,1 % од младите одговориле дека младите се дружат меѓусебно, односно дека имаат пријатели од други етнички заедници. Во текот на образовниот процес во училиштата и на факултетите младите од различни етнички заедници спроведуваат заеднички активности. Меѓуетничката интеграција продолжува и при спроведувањето на активностите од страна на граѓанските организации во процесот на неформалното образование. Од сето ова може да се забележи дека младите и времето во училиштето и на факултет

29 Recommendations on Promoting Integration through Education, OSCE Office of the High Commissioner on National Minorities, 25.1.2008.

го минуваат заедно, како и времето поминато надвор од образовните институции, што претставува одлична можност за Младинскиот совет на Општина Кичево при спроведувањето на препораките произлезени од оваа стратегија. Она што загрижува во поглед на резултатите на меѓуетничката интеграција е што помеѓу младите од различни етнички заедници е застапен говорот на омраза. Во согласност со дадените одговори во прашалникот може да се заклучи дека и покрај тоа што младите сметаат дека се дружат и поминуваат дел од своето слободно време со пријатели од другите етнички заедници, сепак Младинскиот совет на Општина Кичево како претставничко тело на младите сè уште има простор за работа и за унапредување на моменталната состојба со меѓуетничката интеграција во оваа општина. Ваквата ситуација покажува дека и покрај тоа што младите се дружат меѓусебно, тие сепак употребуваат говор на омраза којшто во својата основа ја има етничката припадност.

Младите во Општина Кичево заедно го поминуваат своето слободно време и се дружат без разлика на нивната етничка припадност, но сепак меѓусебно употребуваат и говор на омраза. Оваа појава е основа за Младинскиот совет на Општина Кичево да ги продлабочи информациите за начинот на користење на говорот на омраза и дали е предизвикувач на некои други непосакувани состојби меѓу младите. Покрај тоа што е неопходно да се дознае што го предизвикува говорот на омраза и кои се причините за неговото користење, Младинскиот совет на Општина Кичево во наредните години ќе работи и на едукација за негово намалување и искоренување. Младинскиот совет на Општина Кичево, којшто е составен од членови на различни етнички заедници, во изминатиот период е успешен пример дека кога младите заеднички се залагаат за унапредување на состојбата на младите, се постигнува целта. Покрај едукацијата кај младите, Младинскиот совет на локално ниво ќе спроведува и активности кои ќе ја промовираат меѓуетничката интеграција меѓу младите со цел да се искорени говорот на омраза.

Активностите кои ќе ги реализира Младинскиот совет на Општина Кичево, во согласност со годишните акциски планови кои ќе ги подготви, ќе бидат реализирани заедно со претставниците на граѓанските организации на локално ниво, претставниците на институциите на локално ниво, заедно со образовните институции, како и со посебните комисии во рамките на Општината кои работат или допираат ваков вид прашања. Преку овие активности, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се стреми да допре до различните категории млади (средношколци, студенти, невработени) за да може соодветно да ги постигне своите цели.

Исто така, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се стреми да земе учество и да биде дел од подготовката и од реализацијата на сите стратешки документи на локално и на национално ниво кои работат со овие прашања.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

- Подигнување на свеста и знаењето на младите од различни етнички заедници за штетноста од користење на говорот на омраза.
- Омасовување на активностите за промоција и едукација за меѓуетничката интеграција и заедничкиот соживот кај младите од различни етнички заедници.

# ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Кога се зборува и кога се анализира состојбата со младинското информирање, најчесто се мисли на активности и информации кои се од интерес за младите и кои соодветно треба да бидат пренесени до нив. Особено е битно во овој процес да се пренесуваат квалитетни информации до младите кои ќе може да им помогнат во соодветното носење одлуки и во остварувањето на нивните права. Следствено на ова, младинското информирање во себе вклучува многу активности, медиуми, како и институции кои треба да учествуваат во комуникацискиот процес помеѓу институциите и младите и обратно, како и помеѓу самите млади. Токму затоа оваа област е комплексна.

Во земјите на Европската Унија постојат младински информативни центри чијашто основна цел е обезбедување и ширење информации и давање совети од различни области од животот на младите луѓе. Младинските информативни центри се непрофитни организации коишто работат во интерес на младите. Преку функционирањето на младинските информативни центри се обезбедува информираноста на младите за слободни работни места, волонтирање во образовни, рекреативни, културни институции и установи, остварување на социјалните права, мобилност, следење на различни обуки, преквалификација и патување, спортско наградување итн. Овој систем на младинско информирање за првпат е применет во раните 60-ти во неколку ЕУ-земји, а денес се применува во повеќе од 30 европски земји[30].

На полето на младинското информирање, на младите им се на располагање услуги, стручни служби, институции и други извори на информации кои не ги задоволуваат нивните потреби. Она што може да се даде како одговор е дека кај нас младите не се доволно информирани, што може да се заклучи и од горенаправените анализи на различните прашања (здравство, социјални права и бенефиции). Не постојат центри или установи кои на едно место може да обезбедат голем број информации кои ќе им бидат на располагање на младите. Исто така, не постојат организации кои тие информации ќе ги систематизираат, ќе ги структурираат и ќе ги прилагодат за младите. Не постојат места каде што младите луѓе би се информирале за широк спектар на теми без посебни процедури и компликации или, пак, да добијат совет или да бидат упатени онаму каде што ќе може да ја добијат информацијата. Со оглед на тоа што сме мултиетничка земја, еден

30 Анализа за младинско информирање, Национална стратегија за млади 2016-2025 година, достапна на www.strategijazamladi.mk

од предизвиците во младинското информирање е и јазикот на кој се достапни и јазикот на кој се пренесуваат информациите. Во поглед на медиумите што ги користат младите и преку кои се информираат, интернетот го зазема првото место. Па, така, во најголем процент младите секојдневно читаат електронски вести (76 %) и користат интернет (75 %), а 67 % користат интернет на мобилен телефон. Потоа следуваат гледањето телевизија, со 58 %, и слушањето радио, со 40 %. Во однос на печатените медиуми, 14 % од младите никогаш не читаат печатени медиуми и 13 % никогаш не читаат книги. Ако се разгледуваат демографските разлики, може да се забележи дека женските испитаници читаат повеќе книги, а машките играат повеќе видео и компјутерски игри[31].

Според истражувањето за младинските трендови за ИССПИ[32], за младите апсолутно водечки медиум или комуникациски канал кој секојдневно е користен од четири петтини (80 %) од испитаниците е интернетот. Телевизијата е медиум кој е „секојдневно употребуван“ од речиси две третини (59,5 %) од сите испитаници, а „често“ пред „малите екрани“ се нешто повеќе од една петтина (22,9 %) од анкетираните. Најголем број испитаници радиото го слушаат повремено – 39,5 % или често – 23,3 %. Очекувано, весниците се медиум кој е најретко секојдневно или често користен. Имено, 34,1 % од младите воопшто не читаат весници. Кога станува збор за содржините за кои младите сакаат да се информираат, на прво место е забавата, па информации во врска со музика, филм и спортски настани, а дури потоа нагласено поретко „најважни“ се темите од јавен интерес, содржини во врска со политички и економски случувања, односно содржините со „потешка“ културно-уметничка или образовна природа.

Според ова истражување најголем дел од испитаниците, или збирно гледано нешто повеќе од две третини испитаници, оценуваат дека во медиумите има доволно информации за темите за кои тие се интересираат. Наспроти ова, дури една третина испитаници критички го оценуват квалитетот: 27,4 % од анкетираните „не се задоволни“ и 4,1 % од анкетираните „сосема не се задоволни“ од квалитетот на информациите што ги наоѓаат во медиумите, а се во врска со темите или со проблемите кои ги интересираат.




31 „Национален извештај за Македонија од истражувањето Младите и медиумите“, Игнатова Е., Џамбаска Д., Божиновска М., Божовиќ С., 2014 година.

32 „Младински трендови во Република Македонија“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, декември 2014 година.

Изнесените заклучоци сугерираат дека главни или доминантни комуникациски канали, користени од речиси целата популација и тоа секојдневно, се интернетот и телевизијата. Од друга страна, радиото и весниците од најголем дел анкетирани испитаници ретко се користат или воопшто не се користат.

Токму од овие причини изнесени погоре, областа младинско информирање зазема посебно место и во прашалникот и во оваа Стратегија за млади. Во оваа област секогаш има простор за унапредување на информираноста на младите со нови информации кои ќе го подигнат нивниот квалитет на живот, остварувањето и заштитата на нивните права. Во овој дел на истражувањето беа опфатени најразлични теми со цел да може да се процени нивото на младинската информираност. Па, така, може да се заклучи дека младите се многу малку информирани за работата на локалните институции. Ваквиот став на младите може да е предизвикан пред сè поради слабата застапеност на институциите на социјалните мрежи и интернетот, како места каде што младите минуваат голем дел од своето секојдневие и места каде што младите најчесто се информираат за сите случувања во својата локална заедница. Па, така, 69,9 % од испитаниците не се информирани за услугите што им ги нудат институциите. Во наредниот период во Општината е потребна многу поголема посветеност од страна на институциите како информациите кои се однесуваат за младите да стигнат до нив за да може соодветно да бидат реализирани. Во поглед на општинските власти, испитаниците се запознаени со нивната работа и со активностите што ги применуваат, а 69,7 % од младите се информирани за работата на Општината.



Младите дополнително ја нагласија потребата од соодветна младинска информираност и на спроведените јавни консултации, бидејќи без соодветна младинска информираност се создава пасивност и немотивираност кај младите што доведува до многу други предизвици за кои на секоја локална заедница и е потребен подолг временски период за да може стратешки да пристапи кон нивно решавање.

Во поглед на еднаквоста помеѓу машките и женските, испитаниците главно одговараат дека таа постои и се практикува. Па, така, младите девојки од руралните и од урбаните средини имаат еднакви права како младите од машката популација и еднакво може да ги остваруваат своите права. Па, така, дури 69,1 % од испитаниците се изјасниле за ова тврдење. Процентите на испитаниците се слични за дискриминацијата на девојките во поглед на образование, вработување, напредување и самостојност. Па, така, 48,1 % од испитаниците сметаат дека постои дискриминација на младите од женски пол во однос на горенаведените права, наспроти 31,7 % кои сметаат дека ваков тип дискриминација не постои и машките и женските еднакво се остваруваат во секоја област.

Младинското информирање е неопходно да биде на највисоко ниво бидејќи од квалитетните информации кои ги добиваат младите зависи развојот на сите

други теми и области. Соодветните информации кои ги добиваат младите им овозможуваат да напредуваат и да ги остваруваат своите права. Па, така, доколку младите се информирани за можностите за вработување и за самовработување ќе ги искористуваат овие права, односно ако младите се информирани за правата кои произлегуваат од здравственото осигурување, ќе ги искористуваат овие права, во спротивно, неинформираноста води кон запоставување а понекогаш и кон злоупотреба на правата. Токму затоа оваа тема е многу важна за Младинскиот совет на Општина Кичево. Во препораките на секоја од областите, кои се дел од оваа стратегија, влегуваат поголемата информираност и едукацијата одделно. Токму кон тоа ќе се стреми и Младинскиот совет на Општина Кичево, кон поголема информираност на младите за секоја област, особено за нивната работа и за работата на општинските власти. Во наредниот период, Младинскиот совет ќе се стреми кон поголема информираност и достапност на информациите од страна на институциите до младите. Дополнително, во овој период е неопходно активностите да бидат насочени кон прибирање на соодветните информации од институциите и поставување на Советот како еден од начините за информирање на сите млади. Младинскиот совет на Општина Кичево е потребно, за почеток, да биде сервис за информирање на младите, сѐ додека не се воспостави практика со која соодветно секоја институција ќе може да ги дистрибуира информациите до младите.

За реализацијата на сите активности кои ќе бидат дел од годишните акциски планови, ќе биде потребно Младинскиот совет да соработува со сите институции на локално ниво, како и со институциите кои се на централно ниво, со цел да може да ги информира младите (можности за вработување и за самовработување, права во образование, здравствени права и поволности, можности за искористување на сопствените права и сл.).



## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

- Зголемена информираност и соработка со младите од Општина Кичево за работата на Општината.
- Зголемена информираност и соработка на младите од Општина Кичево со институции на локалната и на централната власт.
- Зголемена информираност на младите за нивните права.

# ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Младинското учество се разбира како учество на младите во сите процеси на креирање, одлучување и евалуација на и за политиките кои се од нивни интерес и кои се однесуваат на нив. Ваквата можност, всушност, им дава можност и на институциите како носители на одлуки да ги вклучуваат младите и да го слушнат мислењето од оние за кого и ги носат политиките. Меѓутоа, активното учество само по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и применуваат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина. Младинското учество, сепак, не е ексклузивна тема само за соработка помеѓу младите и институциите, туку под младинско учество се подразбира и учеството на младите во граѓанскиот сектор, како и во формите на здружување во текот на образованието и на младинското здружување. Постојат многу начини на кои младите може да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања важни за нив и за целата заедница. Најчестите форми на младинско учество кои се забележани во современите европски општества се следниве:

- волонтерска работа,
- учество во разни форми на неформално образование,
- врсничка едукација – вклучување на младите во едукација на своите врсници,
- младински совети, парламенти, форуми и други структури – традиционален начин на учество во процесот на донесување одлуки во рамките на меѓународни, национални, регионални или локални власти, училишта, клубови, невладини организации итн.,
- коменаџмент-системи кои постојат во некои институции (на пример, во Дирекцијата за млади и спорт на Советот на Европа) каде што одлуките се донесуваат заедно врз еднаква основа со претставници на младите луѓе и претставници на властите,
- консултации – се користат во процесот на донесување одлуки, при искажувањето грижи и потреби на младите, во давањето предлози.

Застапеноста на младите во институциите не е на задоволително ниво, а и таму каде што ги има ретко се вклучени во донесувањето одлуки. На локално ниво, се забележуваат форми на младинско организирање, како и стратешки документи за млади во некои општини, но не постои унифициран пристап кој се практикува

секаде. На национално ниво, исто така, отсуствуваат дијалогот и комуникациските канали помеѓу институциите и младите, односно младинските организации и покрај напорите што ги даде граѓанскиот сектор во креирањето претставнички тела за младинските интереси. Дополнително, локалните самоуправи и владините институции не одвојуваат доволно средства за младинските потреби и за реализацијата на нивните идеи и многу малку придонесуваат во поттикнувањето на волонтеризмот кај младите иако поголем дел од младата популација го поддржува ваквиот ангажман на младите луѓе како подготовка за нивните идни работни места[33].

Кај нас во изминатите години се актуализираше младинското учество на локално ниво, односно формирањето на локалните младински совети преку работата на граѓанските организации, а во соработка со општинските власти. Токму таков беше и процесот на формирање на Младинскиот совет на Општина Кичево кој е составен од претставници на младинските организации на територијата на Општина Кичево. Во текот на 2013 година Општина Кичево, во соработка со Младинскиот образовен форум и Центарот за интеркултурен дијалог, започна со активности за основање Младински совет во Општината заради претставување и застапување на интересите на младите. Со тоа Општина Кичево беше меѓу првите општини кои го започнаа овој процес во интерес на младата популација. Основањето на Младинскиот совет на Општина Кичево се спроведе во подолгорочна постапка која беше јавна и транспарентна со голема заинтересираност и вклученост од страна на младите, претставниците на младинските граѓански организации, како и претставниците на политичките подмладоци во оваа општина. Па, така, на ниво на Општина Кичево е основан Младински совет кој е прифатен како формално тело на Општина Кичево, поточно како советодавно тело на Општината за млади и младински прашања и е составен од 11 членови, од кои осум се од граѓанскиот сектор, еден од Средношколската унија, еден од Студентската унија и еден претставник од редовите на општинската администрација на Општина Кичево, именуван од страна на градоначалникот во улога на координатор на Младинскиот совет. Сите се избрани по претходно распишан јавен повик од страна на Општина Кичево, именувани од страна на Советот на Општина Кичево, по предлог на соодветната комисија при Советот на Општина Кичево. Нивниот мандат трае две години. Младинскиот совет е основан од страна на Советот на Општина Кичево, на седницата одржана на 18.6.2015 г.

По основањето на Младинскиот совет, Општина Кичево во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје во текот на 2015 година продолжи да работи на градење на капацитетот на првиот состав на Младинскиот совет на Општина Кичево. Соработката и поддршката од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје продолжија и во

33 „Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија", Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010.

текот на 2016 година преку примена на заеднички процеси, како што е подготовката на Стратегијата за млади на Општина Кичево.

Покрај Младинскиот совет, во Општина Кичево има и младински организации кои се дел од образовните процеси, како студентските парламенти и средношколските заедници, како и неколку различни видови младински организации и тоа културно-уметнички друштва и политички подмладоци, како посебни форми на здружување и ангажирање на младите. Сите овие форми на младинско здружување се можност за младите од Општина Кичево да учествуваат во процесот на донесување одлуки и да бидат активни при креирањето на политиките кои се од нивни директен интерес. Токму затоа Младинскиот совет на Општина Кичево ја истражуваше и оваа тема, во согласност со потребите на младите. Во рамките на оваа тема прашалникот содржеше прашања во насока на идна ангажираност на институциите и на младите за идни активности.

Исто така, прашалникот содржеше можност младите да дадат препораки за идните активности на Младинскиот совет на Општина Кичево. Па, така, високи 80 % од младите се изјаснуваат дека Општина Кичево еднаш месечно треба да има отворени средби за младите со цел тие да може да се запознаат со работата на Општината. Ваквите отворени средби ќе им дадат можност на младите директно да си ги кажуваат своите проблеми и предизвици и да работат на нивно решавање. Дополнително, ваквите отворени средби ќе ја зголемат соработката помеѓу младите и Општината, како и довербата која младите ќе ја имаат во општинските власти. Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се стреми во наредниот период да се започне со вакви отворени средби и од година во година да се зголемува нивниот број. Овие активности ќе се остваруваат во соработка со Советот на Општина Кичево и со целата општинска администрација.

За да се зголеми младинското учество на локално ниво, младите сметаат дека треба да бидат консултирани и за темите кои ќе ги работи Општината во наредниот период. Па, така, 84 % од младите во Општина Кичево сметаат дека Општината еднаш годишно треба да има средби со младите со цел тие да може да учествуваат при поставувањето на приоритетите на Општината за наредниот период. Младинскиот совет на Општина Кичево ќе работи на воспоставување ваква практика бидејќи ова би било одлична можност младите да размислуваат за најбитните прашања и предизвици од нивната област и да ѝ ги претставуваат на Општината за да може да се унапредуваат моменталните состојби. Дополнително, ваквото учество на младите на Општината би ѝ овозможило поголема транспарентност и отвореност во својата работа, како и нова сила и нови идеи од оние кои во иднина треба да останат и да ја направат Општината добро место за живеење кое ќе одговара на потребите на сите. Преку овие алатки Младинскиот совет, заедно со Општината, ќе гради активни и одговорни генерации.

Во однос на транспарентноста и работата на Младинскиот совет на Општина Кичево, младите во овој дел на прашалникот даваа свои забелешки дека е неопходно седниците на Младинскиот совет на Општина Кичево да бидат посетувани од страна на сите заинтересирани млади. Па, така, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се стреми да ги објавува датумите за своите седници транспарентно и да ги информира младите за да може да присуствуваат сите заинтересирани лица. Воспоставувањето на ваквата практика ќе им овозможи на младите да се заинтересираат за учество во Младинскиот совет и заеднички да ги спроведуваат своите активности. На ваков начин ќе ја подигнат информираноста кај младите за нивните права и активности, како и нивното учество во креирањето и во примената на одделни политики.

Покрај горенаведното учество на младите во креирањето и во примената на младинските јавни политики на локално ниво како партнер на Општината, младите во Општина Кичево на јавните консултации ја посочија неопходноста од поголем број младински граѓански организации кои ќе ги посочуваат нивните потреби. Младите сметаат дека со постоењето и со учеството во граѓанските организации ќе го подигнат сопствениот квалитет на животот, ќе придонесат за подобра младинска информираност, ќе придонесат кон поголемо познавање на сопствените права како млади и кон нивното градење како активни граѓани. Според младите, граѓанските организации преку своите методи на неформална едукација (тренинзи, обуки, кампањи) ќе може да придонесат кон намалување на говорот на омраза којшто го практикувале досега.





## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

- Поголема отвореност и достапност на општинските органи кон младите во Општина Кичево.
- Воспоставување канали за редовна комуникација помеѓу младите и Општината.
- Примена на различни канали и медиуми за консултирање на младите од страна на Младинскиот совет на Општина Кичево.
- Зголемено демократско учество на младите во донесувањето одлуки во образовните процеси.
- Поддршка и промоција на активностите на младинските граѓански организации.

# ОБЛАСТ – УРБАНИЗАМ

Областа урбанизам како дел од оваа Стратегија за млади во себе вклучува најразлични теми за постоечката инфраструктура на локално ниво која им е потребна на младите. Па, така, има прашања од областа на екологијата, инфраструктурата за лица со посебни потреби, како и основни предуслови за водење нормален живот на младите луѓе. Кога ќе се споменат инфраструктура и урбанизам, веројатно се мисли на најразлични можности и потреби што ги имаат младите. Па, така, пред сè, овој поим во себе ја вклучува инфраструктурата на образовните институции. Соодветните образовни институции придонесуваат кон соодветно и поквалитетно образование. Ваков предизвик имаа општините при спроведувањето на процесот на децентрализација на образованието[34]. Понатаму, на младите им е потребна соодветна инфрастуркутра за остварување на сите свои потреби од областа на спортот, за соодветно и квалитетно поминато слободно време во текот на секој ден. Особено битен во оваа област е начинот на кој се поврзани младите од Општина Кичево со младите од другите општини и средини.

Во согласност со податоците од прашалникот, младите во Општина Кичево се најзагрижени бидејќи во Општината недостасуваат велосипедски патеки. Ваквиот одговор го имаат дури 76 % од младите кои сметаат дека велосипедските патеки им се потребни и им недостасуваат. Понатаму, 51 % од младите, исто така, сметаат дека нивната општина е лошо поврзана со другите градови и општини. Добрата поврзаност на општините е неопходна за да може да се развива едно општество, да се разменуваат добри искуства и да се унапредува младинската положба. Токму затоа е неопходно во наредниот период да се посветиме кон унапредување на оваа положба.

Осветленоста на општината е основен предуслов за овозможување на младите, па и на сите граѓани, да се движат нормално и да може соодветно да си ги остваруваат своите обврски во вечерните часови. Па, така, 50 % од младите сметаат дека Општина Кичево е добро осветлена во сите делови, наспроти 41,9 % од младите кои сметаат дека осветленоста не е добра и може да биде уште подобра. Со оглед на тоа дека најголемиот дел од формално образовните процеси се одвиваат во периодот од утрото до вечерта, во текот на вечерните часови младите имаат можност да посетуваат културни настани, да го поминуваат своето слободно време дружејќи

34 За овој процес многу повеќе може да се прочита во областа образование.

се или, пак, да бидат дел од неформалното образование и да посетуваат обуки или најразлични тренинзи. Ако се има предвид ова, ќе може да се види значајноста на прашањето со осветленоста на сите делови на Општината за младите. Дополнително, добрата осветленост дава чувство на безбедност што има дополнително значење за младите и за остварувањето на нивните права и интереси.

Во однос на младите кои се со посебни потреби, 54,6 % од младите одговориле дека во Општина Кичево има услови (во институции, во училишта, на факултети, на улици) за движење и водење нормален живот на младите со посебни потреби. Ова е особено битно прашање бидејќи третира ранлива група млади и податоците во оваа област се многу важни. Сметајќи дека инфраструктурата и основните предуслови за водење нормален живот на младите со посебни потреби не вклучуваат само овозможување физички услови туку и квалитет на искористените програми, со сигурност може да се каже дека во оваа област секогаш има простор за унапредување на положбата на лицата со посебни потреби и нивно вклучување во секојдневните текови на Општината.

Во оваа област сите активности кои во наредниот период може да ги предвиди Младинскиот совет на Општина Кичево, директно зависат од соодветната финансиска поддршка од страна на Општината и на централните власти. Бидејќи Младинскиот совет на Општина Кичево е претставник на младите и претставува можност за унапредување на состојбата на младите, овој Совет секогаш ќе се стреми во рамките на Општината и на Општинскиот совет да придонесе кон поголемо влијание при програмирањето на проектите. Па, така, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе работи на подготовка и поддршка на повеќе проекти од локалната и од централната власт за да ја унапреди положбата на младите во секое поле од оваа област. Дополнително, Младинскиот совет редовно ќе ги испитува и ќе ги анализира потребите на младите за потребната инфраструктура за да може соодветно да ги внесува во своите годишни акциски планови. За да може соодветно да ги планира и да ги спроведува активностите, потребна ќе биде голема вклученост и поддршка од страна на младите и на општинските власти. Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се застапува овие потреби на младите да бидат дел од сите проекти и програми, како на локално така и на централно ниво, за да може да придонесе кон унапредување на моменталната постоечка состојба.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ ВО ОБЛАСТА УРБАНИЗАМ

- Овозможување и унапредување проекти кои ќе придонесат кон подобри услови за остварување на правата на младите и нивниот квалитет на живот.

# ОБЛАСТ – КУЛТУРА

Оваа област во себе опфаќа мерки и активности за подобрување на културно-рекреативниот живот и културната понуда за младите луѓе во земјава, којашто опфаќа музика, театар, филм, книжевност, издаваштво, сликарство, вајарство, современ танц и слично. И покрај широкиот опфат на оваа област, сепак, податоците се многу малку или речиси и да не постојат кога се во прашање младите. Па, така, дури и при постоење стратешки документи и проекти кои се спроведуваат на национално и на локално ниво, сепак, не се специфицирани кон младите како целна група. Надлежна институција за спроведување активности, стратешки документи и проекти во оваа област е Министерството за култура. Во „Националната стратегија за развој на културата 2013-2017 година“, младите се споменуваат во повеќе наврати, но главниот фокус е учеството на младите во културните установи; анализа на културните потреби на младите; создавање услови за соодветно образование на талентираните млади кадри; стимулирање на авторското творештво на младите автори. Но, она што е забележително за оваа област е дека има општини коишто немаат инфраструктурни предуслови за да може да остваруваат некои културни настани (кино, театар).

## Т01-: Кина според бројот на кинопроектори, вработени и седишта
## T-01: Cinemas according to the number of cinema projectors, employees and capacity

| | Број на кина<br>Number of cinemas | | | | Вработени во кината<br>Number of employees | | Седишта<br>Seating capacities | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно<br>Total | Број на кинопроектори<br>Number of cinema projectors | | | Вкупно<br>Total | Кинооператори<br>Cinema operators | | |
| | | 1 | 2 | 3+ | | | | |
| | 14 | 8 | 1 | 5 | 125 | 16 | 7 067 | |
| Центар | 2 | 2 | - | - | 11 | 3 | 773 | Centar |
| Карпош | 2 | - | - | 2 | 23 | 5 | 1 551 | Karposh |
| Охрид | 1 | - | 1 | - | 48 | 2 | 540 | Ohrid |
| Струга | 1 | 1 | - | - | 8 | 2 | 630 | Struga |
| Прилеп | 1 | 1 | - | - | 2 | 1 | 126 | Prilep |
| Штип | 1 | - | - | 1 | 7 | 1 | 615 | Stip |
| Свети Николе | 1 | 1 | - | - | 4 | - | 420 | Sveti Nikole |
| Битола | 1 | - | - | 1 | 6 | 1 | 847 | Bitola |
| Куманово | 1 | 1 | - | - | 4 | - | 265 | Kumanovo |
| Гевгелија | 1 | 1 | - | - | 3 | - | 360 | Gevgelija |
| Струмица | 1 | 1 | - | - | 4 | - | 564 | Strumica |
| Крива Паланка | 1 | - | - | 1 | 5 | 1 | 376 | Kriva Palanka |

| Professional theatres | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно театри Total theatres | Изведени дела Performed titles | Претстави Performances | | Посетители Attendance | | Вработени[1] Employees[1] | | | | |
| | | | Вкупно total | На гостување guest appearance | Вкупно total | На гостување guest appearance | Вкупно total | Жени female | Уметници artistic | Други[2] other[2] | |
| Професионални театри Professional theatres | | | | | | | | | | | |
| 2014/2015 | 17 | 158 | 1 064 | 218 | 236 643 | 62 182 | 1 192 | 508 | 690 | 502 | 2014/2015 |
| 2013/2014 | 18 | 137 | 1 008 | 196 | 207 115 | 59 436 | 1 092 | 450 | 654 | 438 | 2013/2014 |
| 2014/2015 ------------ 2013/2014 | 94.4 | 115.3 | 105.6 | 111.2 | 114.3 | 104.6 | 109.2 | 112.9 | 105.5 | 114.6 | 2014/2015 ------------- 2013/2014 |
| Скопје | 7 | 74 | 501 | 96 | 142 959 | 34 873 | 764 | 362 | 462 | 302 | Skopje |
| Битола | 3 | 21 | 223 | 50 | 36 344 | 8 319 | 94 | 35 | 62 | 32 | Bitola |
| Велес | 1 | 7 | 25 | 11 | 8 143 | 3 500 | 44 | 17 | 23 | 21 | Veles |
| Куманово | 1 | 10 | 52 | 9 | 6 938 | 2 750 | 53 | 19 | 33 | 20 | Kumanovo |
| Охрид | 1 | 5 | 63 | 9 | 6 855 | 1 310 | 33 | 14 | 12 | 21 | Ohrid |
| Прилеп | 1 | 12 | 75 | 16 | 16 510 | 5 890 | 44 | 17 | 24 | 20 | Prilep |
| Струмица | 1 | 6 | 38 | 9 | 4 770 | 1 670 | 54 | 15 | 20 | 34 | Strumica |
| Тетово | 1 | 15 | 15 | 5 | 4 960 | 2 130 | 49 | 8 | 26 | 23 | Tetovo |
| Штип | 1 | 8 | 72 | 13 | 9 164 | 1 740 | 57 | 21 | 28 | 29 | Shtip |
| Професионални театри за деца и млади Professional youth and children's theatres | | | | | | | | | | | |
| 2014/2015 | 2 | 26 | 203 | 13 | 23 001 | 3 221 | 64 | 32 | 47 | 17 | 2014/2015 |
| 2013/2014 | 2 | 24 | 212 | 31 | 24 746 | 6 490 | 64 | 30 | 45 | 19 | 2013/2014 |
| 2014/2015 ------------ 2013/2014 | 100.0 | 108.3 | 95.8 | 41.9 | 92.9 | 49.6 | 100.0 | 106.7 | 104.4 | 89.5 | 2014/2015 ------------- 2013/2014 |
| Скопје | 1 | 21 | 166 | 12 | 16 901 | 3 021 | 36 | 18 | 19 | 17 | Skopje |
| Битола | 1 | 5 | 37 | 1 | 6 100 | 200 | 28 | 14 | 28 | - | Bitola` |

35

35 Податоците од табелите се извадени од Државниот завод за статистика, достапни на www.stat.gov.mk

Од приложените податоци може да се забележи дека Општина Кичево не е дел од двете табели, така што може да се заклучи дека оваа општина ја нема потребната инфраструктура за посета на младите на театар и на кино. Во Општина Кичево, според податоците на Државниот завод за статистика има само „аматерски театар“.

**Т-02: Аматерски театри 2014/2015**
**T-02: Amateur theatres 2014/2015**

| | Вкупно аматерски театри Total amateur theatres | Изведени дела Performed titles | Претстави Performances | | Посетители Attendance | | Активни членови Active members | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно Total | На гостување guest appearance | Вкупно Total | На гостување guest appearance | Вкупно Total | Жени female | |
| 2014/2015 | 8 | 18 | 74 | 22 | 15 937 | 4 020 | 123 | 64 | 2014/2015 |
| 2013/2014 | 8 | 24 | 93 | 14 | 17 252 | 2 370 | 148 | 77 | 2013/2014 |
| 2014/2015 / 2013/2014 | 100.0 | 75.0 | 79.6 | 157.1 | 92.4 | 169.6 | 83.1 | 83.1 | 2014/2015 / 2013/2014 |
| Демир Капија | 1 | 2 | 19 | 15 | 2 840 | 2 220 | 22 | 10 | Demir Kapija |
| Кочани | 1 | 2 | 8 | - | 1 396 | - | 1 | 1 | Kochani |
| Кичево | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 400 | 400 | 17 | 5 | Kichevo |
| Кавадарци | 1 | 2 | 17 | 2 | 4 200 | 500 | 15 | 5 | Kavadarci |
| Неготино | 1 | 1 | 2 | 2 | 820 | 820 | 6 | 1 | Negotino |
| Македонски Брод | 1 | 3 | 5 | 2 | 503 | 80 | 6 | 4 | Makedonski Brod |
| Свети Николе | 1 | 1 | 10 | - | 2 400 | - | 20 | 13 | Sveti Nikole |
| Струга | 1 | 6 | 10 | - | 2 378 | - | 36 | 25 | Struga |

Следствено на ова, компаративната анализа на претходно спроведените истражувања[36] во областа на културата во други општини, покажува дека младите не ги посетуваат културните манифестации најчесто поради недостаток или поради несоодветни културни манифестации (фестивали, концерти). Исто така, според истражувањето „Млади и медиуми“, 34 % од младите во земјава никогаш не посетиле кино. Ваквиот резултат, пред сè, е поради слабата застапеност на кина на ниво на држава, потоа поради слабата понуда на кинопроекции, како и поради немањето бенефиции за младите за посета на кино, како и воопшто за културни настани. Немањето соодветна инфраструктура претставува сериозен и најголем индикатор за состојбите во секоја општина, како и за остварувањето на правата на младите во овие области.

Областа култура е област која е дел од прашалникот на Младинскиот совет на Општина Кичево кој се спроведе за потребите на оваа Стратегија за млади, со цел да се слушнат мислењата на младите за културата и за културните настани. Но податоците кои се добиени за оваа област целосно одговараат на инфраструктурата и на можностите кои се нудат моментално во Кичево на ова поле. Па, така, 79 % од младите во оваа општина сметаат дека ретко се прикажуваат кинопроекции, исто како и 7,4 % од младите кои сметаат дека во Општина Кичево не се прикажуваат театарски претстави. Овој висок процент на млади е логичен податок ако се имаат предвид горните податоци за постоење кина и театри во оваа општина.

Областа култура, во својот поим, опфаќа и многу други теми настрана од киното и од театарот. Младите сакаат своето секојдневие да го поминуваат и на изложби, концерти и други слични настани. Во секоја земја има млади кои сакаат да учат и да бидат дел од неформалното образование што ги вклучува овие вештини. Токму вакви потреби имаат и младите од Општина Кичево кои со високи 76 % одговориле дека, сепак, во оваа општина нема ни доволно курсеви каде што може да се обучат и да се стекнат со практично знаење за разни културно-уметнички приоди (на пример, часови за цртање, свирење на инструмент, фотографија, танц и слично).

На младите од Општина Кичево им се потребни многу повеќе културни настани во нивната заедница. Па, така, 75 % одговориле дека во Општина Кичево е потребно да има многу повеќе културни манифестации (концерти, изложби, претстави) наменети за млади. Во согласност со нивните одговори може да се забележи дека, сепак, има некакви културни настани, но е потребно да ги има многу повеќе. При организацијата на овие настани е неопходно да се размислува за младите како категорија во општеството која, сепак, финансиски сè уште е зависна од родителите, па финансискиот издаток треба да е соодветен на нивниот статус во општеството.

36 Локални младински стратегии, достапни на www.sega.org.mk/web/index.php?option=com_content%view=article&id=290&itemid=193&lang=mk

Ваквото тврдење е резултат на 59,7 % од младите кои сметаат дека влезот за културните настани, кои досега се организирани во Општината, има високи цени кои не може да си ги дозволат.

При спроведувањето на консултациите со советниците на Општина Кичево се напомена дека Општината организира и има напори да организира културни настани кои одговараат на потребите на младите. Овие настани многу често биле проследени со соодветни бенефиции за студентите и средношколците како главни целни групи за овие културни манифестации. Заинтересираноста на младите за овие културни настани е голема, но информираноста на младите за овие културни настани е мала. Во оваа насока треба да се работи на соодветна информираност која би придонела кон многу поголема заинтересираност и посетеност на овие настани од страна на младите.

Во областа на културата е неопходно во соработка со граѓанските организации и со надлежните институции да се работи на овозможување многу повеќе културни настани кои младите ќе може да ги посетат. Во наредниот период, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе се застапува за многу повеќе настани од областа на културата, во согласност со постоечката инфраструктура, истовремено стремејќи се за изградба или за подобрување на моменталната инфраструктура. Меѓутоа, во оваа област е неопходно да се размислува и да им се овозможат на младите и најразлични форми на неформално образование преку кое ќе може да се стекнат со вештини од областа на културата, а кои не може да ги добијат во формалниот процес на образование. Младинскиот совет на Општина Кичево во наредниот период ќе работи за подготовка на активности како дел од акцискиот план кои ќе придонесат кон унапредување на моменталната состојба во областа на културата и на можностите кои им се нудат на младите.





## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА КУЛТУРА

- Зголемена информираност на младите за културните настани организирани во Општината.
- Поддршка и промоција на културните настани во Општината.
- Поддршка на граѓанските организации во организацијата на различни практични вештини и знаења за културно-уметнички приоди.

# ОБЛАСТ – СПОРТ

Спортот е регулиран со Закон за спорт[37] донесен во 2002 година. Според овој закон, спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните.

Сеопфатното поимање на спортот, пак, подразбира начин на живеење со кој граѓаните, преку нивна зголемена вклученост во спортот и во спортско-рекреативните активности, ќе го подигнат квалитетот на своето живеење во повеќе сегменти, вклучително задоволувајќи го националниот стремеж за остварување високи меѓународни спортски резултати преку проектирање насоки за развој на врвниот спорт, низ унапредување на националниот и на училишниот систем на натпревари и инклузија на сите возрасни категории и социјални групи и соодветно дејствување во односните спортски проблематики, поврзани со светските трендови и акти донесени како резултат на широки консензуси во меѓународната спортска сфера, прифатени и ратификувани од страна на нашата држава.

Покрај постоечкиот Закон за спорт, на државно ниво има и Стратегија за развој на спортот, во која еден од најважните приоритети за младите, како на национално така и на локално ниво, е омасовување на спортот. Во оваа стратегија е констатирана и состојбата во која се наоѓаат инфраструктурните објекти за поддршка на спортот. Па, така, состојбата на спортските објекти е до тоа ниво што тие не ги исполнуваат ни основните стандарди не само за врвниот спорт туку и за основните потреби на спортот. До значајни промени во оваа област ќе дојде со изградба на спортски објекти, како заради подигнување на стандардите така и заради создавање основни услови за масовен спорт[38].

Општина Кичево е вклучена во сите проекти на централно ниво кои се применети од страна на Агенцијата за млади и спорт, а кои се однесуваат на омасовување на спортот на локално ниво. Па, така, Општина Кичево е дел од проектот за изградба на 35 спортски сали[39], што значи дека во рамките на оваа оп-

37 Закон за спорт, Службен весник бр. 29/2002.

38 Македонски олимписки комитет, „Стратегија за развој на спортот во Република Македонија", достапна на www.mok.org.mk/Default.aspx?id=7da8c558-b9c8-4d04-8c09-13624a306e63

39 Агенција за млади и спорт, 35 спортски сали, достапно на http://ams.gov.mk/proekti/35-sportski-sali

штина младите ќе имаат можност да спортуваат во нова спортска сала. Како дел од овие проекти, младите во Општина Кичево ќе имаат и помошни фудбалски игралишта, кои е предвидено да бидат во сопственост на општините. Проектот за помошните фудбалски игралишта се состои од: локација со димензии 120x80 во која се вклучени: фудбалски терен со димензии 105x68 со придружни објекти, соблекувални, трибини, ограда и осветлување.

Уште една одлична можност за младите во Општина Кичево претставува и изградбата на тениски терени, преку проектот 100 тениски игралишта[40]. Исто како и во претходните проекти, и тука Општина Кичево е дел од планот во кој се изградени или треба да се изградат тениски игралишта, со цел омасовување на овој вид спорт.

За развој на масовниот спорт и спортот за сите, најдобор начин за да се создадат услови е преку изградбата на повеќенаменските игралишта[41]. Овие игралишта ќе бидат ставени на располагање на сите граѓани за спортување, за рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе може да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и за дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење. Една од општините која е дел од овој проект е и Општина Кичево.

Сепак, и покрај постоењето на законската регулираност на спортот, како и на стратегиите за негов развој, не може да се овозможи секој поединец да учествува во рекреативни спортски активности. Покрај ова, не може со сигурност ни да се каже дека, сепак, младиот човек има можност да се здобие со соодветно физичко образование, насоки и можности за стекнување основни спортски вештини, како што се моториката, спортското здравје итн. За да може спортот да се развива и да ги вклучи сите засегнати страни, сите активности мора да се применуваат во соработка со сите институции одговорни за оваа тема на национлано и на локално ниво и во соработка со граѓанскиот сектор.

Досега, исто така, нема поврзување на спортот со директната едукација за безбедност и здравје во спортот, хигиена во спортот, тимска работа, одговорност, етички и морални вредности, ненасилство, толеранција, спортска етика. Во Законот за спорт младите се споменуваат само во делот „Грижа и поддршка на училиштен и факултетски спорт“, што е главна замка за занемарување на целата област[42].

Младинскиот совет на Општина Кичево, преку подготвениот прашалник за оваа Стратегија за млади, го истражуваше мислењето на младите за областа спорт. Преку овој прашалник се испитуваа потребите на младите во областа спорт, идентично како и во другите области кои се дел од оваа стратегија. Па, така, 41,3 % од

40 Агенција за млади и спорт, 100 тениски игралишта, http://ams.gov.mk/proekti/100-teniski-igralishta

41 Агенција за млади и спорт, Повеќенаменски игралишта, http://ams.gov.mk/proekti/100-povekenamenski-igralista

42 Национална стратегија за млади 2015-2025 година.

младите сметаат дека има доволен број игралишта во Општина Кичево, наспроти 41,1 % од младите кои сметаат дека веќе постоечките игралишта не се доволни и се потребни многу повеќе.

Еден од начините за развој на спортот во државава е и бројот на спортските клубови. Во согласност со законските текстови кај нас, спортските клубови се регистрираат како невладини организации, со исклучок на професионалните спортски клубови кои се дел од првата лига, соодветно на спортот којшто го практикуваат. Со постоењето на спортските клубови во една заедница, покрај тоа што се промовира практикувањето на спортот, дополнително се гради и спортскиот дух, како и заинтересираноста за ваквите активности кај оние кои немаат спортски навики. Па, така, 51,8 % од младите сметаат дека во Општина Кичево нема доволно спортски клубови, наспроти 36,5 % од младите кои сметаат дека бројот на спортските клубови е доволен.

По спроведените консултации со советниците од Општина Кичево, беше нагласено дека Општина Кичево е особено посветена на омасовување на спортот во заедницата и на овозможување на младите соодветни игралишта во согласност со нивните интереси. Нагласено беше дека Општина Кичево има неколку достигнувања во изминатите години со кои предничи пред другите општини во однос на развојот на спортот на локално ниво. Во изминатите години во Општината имало и многу нови фубалски клубови и натпреварувања кои ги подигнуваат свеста и заинтересираноста на младите во Општина Кичево. Сепак, недостатокот на информираност на младите за овие случувања предизвикува и многу помалубројно присуство од страна на младите.



Не секој млад човек сака да практикува одредена спортска вештина (фудбал, кошарка, ракомет, тенис и слично) кога станува збор за спортување. Многу од младите сакаат да спортуваат и да развиваат спортски навики, но без притоа да се дел од клубови со одредени спортски дисциплини. Ваквите можности кај младите се развиваат преку постоење фитнес и аеробик-центри кои не се одредени спортски дисциплини, но сепак развиваат спортски навики кај младата популација. Мислењето на младите во областа спорт ни беше важно и кога станува збор за ваков тип спортување. Па, така, на 53 % од младите им се потребни повеќе фитнес и аеробик-центри во кои ќе може да вежбаат.

За да може младите соодветно да спортуваат, потребно е да имаат и поголема достапност до спортските игралишта и до сите места на кои може да се спортува. Па, така, висината на цените за да се спортува е од огромно влијание, особено ако се земе предвид дека младите се со највисок процент на невработеност и сѐ уште финансиски се зависни од своите семејства. За омасовување на спортот, но и за да може некој да си дозволи спортска активност во текот на денот, цената е особено битна. Во однос на младите во Општина Кичево 46,7 % сметаат дека цените за

спортските активности се високи и тешко може да си ги дозволат, наспроти 19,55 % од младите кои сметаат дека цените се нормални.

Младинскиот совет на Општина Кичево во наредниот период ќе работи на промовирање на идејата за спорт и за спортски активности со цел негово омасовување. Пред сѐ, треба да се направи соодветна анализа за потребите од игралишта и од друга инфраструктура која им е потребна на младите со цел да го практикуваат спортот, па потоа да се подготвуваат и активности за негова промоција. Младинскиот совет ќе ги искористи шансата и можностите кои се даваат преку проектите на централната власт со цел да може да им обезбеди повеќе игралишта на младите. Дополнително во оваа област, Младинскиот совет ќе работи во соработка со сите релевантни институции, како би можел да обезбеди поволности и бенефиции за младите при спортувањето. Со ваквите активности, Младинскиот совет на Општина Кичево смета дека во наредниот период ќе може соодветно да ги промовира спортските навики.

При подготовката на годишните акциски планови, секогаш е оставена можноста да влезат и други приоритетни теми од оваа област сѐ со цел унапредување и промовирање на спортот помеѓу младите.





## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА СПОРТ

- Информирање на младите за сите спортски настани и можности за младите во областа на спортот.
- Поддршка на младите за искористување на сите спортски капацитети во Општината.
- Промоција на спортот помеѓу младите во Општина Кичево.
- Подготовка и поддршка на проекти за младите кои вклучуваат зголемување на можностите на младите во областа на спортот.

# ПРИНЦИПИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА И ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ

Во наредниот дел на Стратегијата за млади на Општина Кичево се наведени принципите според кои ќе се креираат акциските планови за примена на оваа стратегија, како и принципите според кои директно ќе се реализираат активностите. Воспоставувањето вакви принципи е неопходно за да може да се видат начелата кои ќе провејуваат низ сите области и кои се основите при подготовката на идните активности.



- **Подобра соработка помеѓу младите, Младинскиот совет на Општина Кичево и Општината**
  Преку оваа Стратегија за млади ќе се унапредат положбата на младите и можностите за справување со сите предизвици, со цел да може младите да станат партнер при подготовката и одлучувањето за сите стратешки документи на локално ниво.

- **Можности за млади**
  За да може да се воспостави квалитетно младинско учество, на младите мора да им се овозможат многу можности за подигнување на нивниот квалитет на живот. Преку искористување на овие можности, младите стануваат активни граѓани кои учествуваат во креирањето и во примената на јавните политики.

- **Учество на младите во креирањето на јавните политики**
  Како што е и погоре кажано, учеството на младите опфаќа повеќе активности и засегнати страни кои е неопходно да се координирани и да работат на унапредување на учеството на младите во креирањето на политиките. Па, така, потребно е:

- Граѓанските организации да го промовираат учеството на младите и да ги вклучуваат младите во нивните активности.
- Младите да го зголемат своето учество во граѓанските организации, како и во институциите на локално и на национално ниво.
- Овозможување процеси и активности од страна на локалните власти кои ќе ги вклучуваат младите во креирањето и во примената на политиките.
- Учество и консултирање на Младинскиот совет на Општина Кичево во сите прашања кои ги засегаат младите во Општината.

○ **Меѓуетничка интеграција и почитување на разликите**
Стратегијата во себе има цел да ги вклучи сите млади без дискриминација во своите активности. Младите се категорија со многу различни потреби, со различни позадини и предизвици, па затоа е неопходно при подготовката и осмислувањето на акциските планови да се внимава на вклучување на сите млади. Стратегијата во својата цел го промовира мултиетничкиот карактер на Општината и на младите во оваа заедница. Неопходно е при примената на оваа стратегија да се размислува за вклучување на сите етнички заедници и за достапност и информирање на сите млади на јазиците што ги говорат.



○ **Овозможување простор и поддршка за реализација на активностите**
Стратегијата за млади предвидува стратешки определби на Младинскиот совет на Општина Кичево за во иднина, како и воочување на моменталната позиција на младите во општеството. Оваа програма ќе ги реализира сите свои заложби само преку соодветен простор и поддршка од сите страни во општеството. Многу од областите кои ги засегаат младите бараат континуирана и долгорочна поддршка за да може да се пристапи кон нивно решавање, така што овозможувањето на просторот и соодветната поддршка при реализацијата на идеите е потребна и неопходна.

# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

За да може да се овозможи континуитет при спроведувањето на стратегијата, како и соодветен мониторинг и евалуација на сѐ она што е применето, неопходно е да се предвиди начинот на кој ќе се известува.

За потребите на процесот на мониторинг и евалуација, Младинскиот совет за оваа стратегија редовно ќе подготвува едногодишни акциски планови, кои ќе бидат во согласност со целите во овој стратешки документ. Овие акциски планови ќе бидат подготвувани при консултацијата на младите во Општина Кичево. Дополнително, акциските планови ќе бидат јавни документи достапни на сите оние кои се заинтересирани.

Секоја година за реализацијата на акциските планови, воедно и за примената на оваа стратегија, ќе бидат подготвувани соодветни извештаи кои ќе бидат доставени до Советот на Општина Кичево. Овие извештаи, пред сѐ заради заложбите за соработка со младите и соодветното младинско информирање, Младинскиот совет ќе ги објавува во своите гласила со цел да ги информира младите за активностите кои биле спроведени дотогаш.

Оваа стратегија ја заложува и ја промовира соработката со граѓанскиот сектор, па токму затоа Младинскиот совет на Општина Кичево ќе организира средби и со граѓанскиот сектор за да може сите засегнати страни да го дадат своето мислење за начинот на кој се спроведува стратегијата и се осмислуваат акциските планови. Ваквата соработка овозможува граѓанските организации директно да учествуваат во целиот процес на подготовка, примена и евалуација на Локалната младинска стратегија на Општина Кичево.

Извештаите и акциските планови редовно ќе се објавуваат и ќе бидат достапни на веб-страниците на општината. Младинските организации ќе имаат можност, доколку се согласни, и на нивните веб-страници да ги објавуваат извештаите и акциските планови за примена на оваа стратегија.

Последната година пред завршувањето на важноста на оваа стратегија, Младинскиот совет на Општина Кичево ќе креира и соодветна методологија и начин за да може да спроведе евалуација на сѐ што е дотогаш спроведено во однос на примената на овој стратешки документ. Оваа евалуација покрај тоа што ќе го измери спроведувањето на стратегијата, ќе треба да го измери и ефектот од неа, а сѐ со цел подготовка на нов стратешки документ кој ќе одговара на потребите и предизвиците на младите.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Устав http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx .
- Закон за средно образование.
- Закон за средно стручно образование.
- Закон за високо образование.
- Закон за спорт.
- Национална стратегија за млади 2005-2015.
- Акциски план за спроведување на Националната стратегија за млади 2009.
- Национална стратегија за млади 2016-2025.
- Анализа за Националната стратегија за млади 2016-2025.
- Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015 година.
- Национална стратегија за вработување 2015.
- Акциски план за вработување на младите 2015 година.
- Неформалното образование во Република Македонија: Состојби и перспективи, Буова Е., Додовски И., МКЦ Битола 2009.
- Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија, Алгоритам центар, Биро за развој на образованието, 2009 година.
- Demand for skills in FYR Macedonia, Rutkowski J., 2010.
- Студија за младите во Република Македонија, Топузовска-Латковиќ М. и др., Фондација Фридрих Еберт 2013.
- Извештај за состојбата со младите, Институт за социолошки и политичко--правни истражувања, декември 2014 година.
- Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, Виолета Петроска-Бешка, Мирјана Најчевска, Николина Кениг, Сафет Балажи и Ана Томовска, 2009 година.
- Statement by Knut Vollebaek, OSCE High Commissioner on National Minorities, The 718th plenary meeting of the OSCE Permanent Council (2009).
- Recommendations on Promoting Integration through Education OSCE Office of the High Commissioner on National Minorities, 25.1.2008.
- Национален извештај за Македонија од истражувањето „Младите и медиумите“, Игнатова Е., Џамбаска Д., Божиновска М., Божовиќ С., 2014 година.
- Младински трендови во Република Македонија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, декември 2014 година.
- Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија,

Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010.
- Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем на Република Македонија, Министерство за образование и наука.
- Годишен извештај за реализирани активности на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот.
- Национален извештај за младинската невработеност во Република Македонија, МКЦ Битола, декември 2015 година.
- Прирачник за децентрализација за претставници на граѓански организации за мониторинг на процесот за спроведување на децентрализацијата во Република Македонија, 2013 година.
- www.mok.org.mk
- www.ams.gov.mk
- www.beznasilstvo.mk
- www.rsbsp.gov.mk
- www.strategijazamladi.mk
- www.kupikukakupistan.gov.mk

Follow OSCE

Мисија на ОБСЕ во Скопје
Булевар 8-ми Септември бр.16
1000 Скопје

Телефонски број: +389 2 323 4000
Факс: + 389 2 323 4234
info-MK@osce.org

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**